


ЈУНИ,
2013

# НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС (ПОГОН ЗА РЕЦИКЛИРАЊЕ, ТРЕТМАН И ПРЕРАБОТКА НА КОМУНАЛЕН ОТПАД) ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА КП БР. 2215/2 КО БРОД – ОПШТИНА НОВАЦИ

| | |
|---|---|
| **НАСЛОВ НА ДОКУМЕНТОТ:** | **НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ПОГОН ЗА СКЛАДИРАЊЕ, ТРЕТМАН И ПРЕРАБОТКА НА ОТПАД ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА КП БР. 2215/2 К.О. БРОД – ОПШТИНА НОВАЦИ** |
| **ИНВЕСТИТОР:** | СТЕНТОН ГРАДБА ДОО с. Долно Оризари, Битола |
| **ИЗРАБОТУВАЧ:** | **м-р Наталија Ацеска**<br>Овластен експерт за стратегиска оцена на животната средина |
| **ОДГОВОРНО ЛИЦЕ:** | **м-р Наталија Ацеска**<br>Овластен експерт за стратегиска оцена на животната средина |
| **СОРАБОТНИЦИ:** | Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг "УРБАН - ПРОЕКТ" ДООЕЛ - Прилеп |
| **ДАТУМ:** | Мај, 2013 година |
| **МЕСТО:** | Општина Новаци |

1. ВОВЕД .......... 5
2. ЦЕЛ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА .......... 9
2.1.ПРИМЕНЕТА МЕТОДОЛОГИЈА .......... 10
3. ОПИС НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ .......... 11
3.1.СОДРЖИНА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ .......... 11
3.2.ПЛАНСКИ ОПФАТ .......... 12
3.3.НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО .......... 13
3.3.1. СЕГАШНА СОСТОЈБА НА ПРЕДМЕТНИОТ ПРОСТОР .......... 14
3.3.2. ПЛАНСКИ КОНЦЕПТ ЗА ИДЕН ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ .......... 16
3.3.3 РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНСКОТО РЕШЕНИЕ .......... 26
4.КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛОКАЦИЈА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА И ВО ОКОЛИНАТА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ .......... 27
4.1. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛОКАЦИЈА .......... 27
4.1.1. ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА .......... 29
4.1.2. РЕЉЕФ .......... 29
4.1.3. ГЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ .......... 30
4.1.4. КЛИМАТСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ .......... 32
4.1.5. СЕИЗМИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ .......... 35
4.1.6. НАСЕЛЕНИЕ .......... 37
4.1.7. СТОПАНСТВО .......... 37
4.1.8. КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО .......... 37
4.2. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ПЛАНСКИОТ О.......... 38
4.2.1. КВАЛИТЕТ НА АМБИЕНТЕН ВОЗДУХ .......... 43
4.2.2. БУЧАВА .......... 43
4.2.3. ВОДЕНИ РЕСУРСИ .......... 43
4.2.4. БИОДИВЕРЗИТЕТ .......... 47
4.2.5. ПОЧВА .......... 49
4.2.6. УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД .......... 50
4.3. СЕГАШНИ ПРОБЛЕМИ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО И ОКОЛУ ПЛАНСКИОТ ОПФАТ .......... 51
5.ГЛАВНИ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ .......... 52
6.СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ .......... 53
7.ВРСКА И УСОГЛАСЕНОТ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ СО ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ .......... 54
8.ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА .......... 55
8.1.ГЕНЕРАЛНИ ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ПРЕДМЕТНИОТ ОПФАТ .......... 56
8.2. ЦЕЛИ НА СОЖС .......... 57
9.ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА .......... 59
9.1. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАСЕЛЕНИЕТО .......... 59
9.2. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЧОВЕКОВОТО ЗДРАВЈЕ .......... 60

9.3. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ И КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ......60
9.4. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА ВОДИТЕ......61
9.5. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОЧВАТА......61
9.6. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПРЕДЕЛОТ......62
9.7. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КУЛТУРНОТО НАСЕЛЕНИЕ......62
9.8. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БИОДИВЕРЗИТЕТОТ......62
9.9. ВЛИЈАНИЕ ПОРАДИ ЗГОЛЕМЕНА БУЧАВА......63
9.10. ВЛИЈАНИЕ ПРЕДИЗВИКАНО ОД УПРАВУВАЊЕТО СО ОТПАДОТ......63
10. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, НАМАЛУВАЊЕ И УБЛАЖУВАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ......63
10.1. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАСЕЛЕНИЕТО......63
10.2. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЧОВЕКОВОТО ЗДРАВЈЕ......64
10.3. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ И КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ......64
10.4. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА ВОДИТЕ......64
10.5. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОЧВАТА......65
10.6. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПРЕДЕЛОТ......65
10.7. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО 65
10.8. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БИОДИВЕРЗИТЕТОТ......66
10.9. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ПОРАДИ ЗГОЛЕМЕНА БУЧАВА......66
10.10. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ПРЕДИЗВИКАНО ОД УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ......68
10.11. МЕРКИ ПРЕДВИДЕНИ ЗА ЗАШТИТА ОД НЕСРЕЌИ И ХАВАРИИ......70
11. АНАЛИЗА НА ОЧЕКУВАНИТЕ ВЛИЈАНИЈА ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ......78
12. АЛТЕРНАТИВИ......87
13. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ......88
14. НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ......93
15. ПРИЛОЗИ......100
15.1. ПОДАТОЦИ ЗА ИЗРАБОТУВАЧОТ......101
15.2. СИНТЕЗЕН ПЛАН......103
15.3. ЛИСТА НА РЕЛЕВАНТНА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА......107
15.4. РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ ОВЖС И СОВЖС......109
15.5 ЗАПИСНИК ОД ЈАВНА РАСПРАВА......112

# 1. ВОВЕД

Основна стратешка определба на Република Македонија е обезбедување услови и изградување на отворено стопанство, поголема инфраструктура и економска интеграција со соседните и европските земји и вклучување во современите текови и форми, како и квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура, со што се подобрува просторната рамнотежа во развојот, со почитување на локациските, техноекономските како и критериумите за заштита на животната средина.

Стопанството претставува една од потенцијално најдинамичните форми на економскиот развој и промените во просторно-урбаната структура.

Мини стопанските комплекси треба да значат и започнување на процесот на реструктуирање на просторот во Македонија. Се очекува со овие стопански комплекси да се решат најбитните проблеми во однос на странските инвестиции: трансвер на странска технологија, пристап кон странски пазари, конкурентни цени и притоа да се обезбеди заштита на домашната култура од влијанието на странскиот систем. Предностите на таква политика се големи во однос на враќањето на довербата на странските партнери. При тоа ќе се обезбедат и голем број на нови вработувања.

При планирањето на просторот, максимално се почитувани барањата и програмските задачи договорени со нарачателот во корелација со релевантната урбанистичка законска регулатива.

Во планската документација ќе бидат вградени сите потребни елементи произлезени од анализите на документациоаната основа како основа за планскиот концепт на дадениот опфат. При планирањето ќе бидат запазени сите насоки и урбанистички параметри пропишани со Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12 и 126/12), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на РМ бр. 78/06), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

Локалната урбанистичка планска документација од член 5, алинеја 7 и член 50-а точка 1, од Законот за просторно и урбанистичко планирање, (Сл. весник на РМ број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12), се изработува заради реализација на инвестициски проекти од значење за општината утврдени со Законот за градење како градби од втора категорија, за подрачја кои се вон планските опфати на урбанистичките планови од членот 7 точка 2 на овој закон.

Со Локалната урбанистичка планска документација може да се врши уредување на просторот со определување на градежна парцела вон планскиот опфат за градби од втора категорија утврдени со Законот за градење (Сл. весник на РМ број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12 и 144/12).

Согласно на горенаведеното се отпочнува постапка за изработка на Детален урбанистички план на место на КП 2215/2, КО Брод, општина Новаци, согласно член 13, став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.51/05), и Измени и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.137/07, бр.91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12), врз основа на систематското анализирање на постојната состојба и нејзино дефинирање, насоките и решенијата од планската документација од повисоко ниво и согледување на можни концепти на просторна организираност на површините за градба и целокупниот простор на опфатот, односно утврдување на плански претпоставки за идните потреби на граѓаните, кои се појавуваат како корисници на просторот и инфраструктурата, односно нивно имплементирање во можен планиран развој.

Согласно договорот склучен помеѓу ДООЕЛ "Урбан - проект" и Инвеститорот на планот, а во склоп на програмата за изработка на урбанистички планови на Локалната самоуправа на Општина Новаци, пристапено е кон изготвување на Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) со која ќе се изврши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела за Локална урбанистичка планска документација за изградба на инфраструктурен комплекс со намена Е3 -рециклажа, третман и складирање на отпад на дел од К.П бр. 2215/2, К.О. Брод, Општина Новаци. Врз основа на барање на Инвеститорот, Советот на општина Новаци предходно донесе Одлука за утврдување потреба за изработка на Локална урбанистичка планска документација а потоа и ја одобри планската програма за изработка на ЛУПД за формирање на ГП за изградба на инфраструктурен комплекс со намена Е3. Планскиот опфат е новопланиран, односно досега не бил третиран со Урбанистички план.

Планирањето за просторот во рамки на опфатот на овој урбанистички план (во натамошен текст ДУПД), се врши за период од десет години, односно плански период 2013 - 2023 год. согласно член 28, став (1), алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.51/05), и Измени и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.137/07, бр.91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12).

ДУПД се работи согласно член 13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање Сл.Весник на РМ бр.51/05 и Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање Сл.Весник на РМ бр.137/07,

91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12 со содржина согласно член 13, став (2) од истиот закон.Истиот ќе се работи соогласно законската регулатива и тоа:

- Закон за просторно и урбанистичко планирање Сл.Весник на Р.М. бр.51/05, Законот за изменување и дополнување на законот за просторно и урбанистичко планирање Сл.Весник на РМ бр.137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Сл.Весник на РМ бр.63/12, Правилник за изменување и дополнување на правилникот за стандарди и нормативо за просторно и урбанистичко планирање, Сл.Весник на РМ бр.126/12 и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка изработка на урбанистичките планови, Сл.Весник на РМ бр.78/06, согласно член 5 од истиот.
- Насоките дадени во истите за предметните катастарски парцели заедно со законската регулатива преставува основа за изработка на урбанистички план вон населено место (во натамошен текст ДУПД) за изградба на погон за преработка на отпад.

Со реализацијата на ДУПД, односно со изградбата на планираниот комплекс, ќе се обезбеди продолжување на економскиот развој на малото стопанство во Новаци и неговата околина. При реализацијата на ДУПД потребно е запазување на постојната законска регулатива од сите аспекти, со максимално почитување на заштитата на животната и работната средина. Реализацијата на вакви стопански капацитети се во функција со определбите на Просторниот план на Република Македонија, за концентрирана дисперзија на стопанските активности. Изградбата на комплексот, треба да го поттикне локалниот стопански развој, како и да обезбеди поквалитетна организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот. Со реализација на оваа ДУПД ќе се овозможи вреднување на приватната сопственост и побрза реализација на приватната иницијатива, а со тоа и подобрување на социоекономската положба на одреден број на жители од општината Новаци. Важно е да се спомне дека локацијата има многу добра местоположба од аспект на намалени емисии и понатамошно раздвижување на економијата кон населените места кои гравитираат кон овој патен правец.

Врз основа на член 65, став (4) од Законот за животна средина (Сл. Весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005 и 24/2007), Владата на Република Македонија, на 20.11.2007 донесе „Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваaат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето“.

Според оваа Уредба, стратегиска оцена се спроведува за планските документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој,

телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користење на земјиштето. Стратегиска оцена треба да се направи и на Националниот акционен план за животна средина и на локалните акциони планови за животна средина, како и врз сите стратегиски, плански и програмски документи, со кои се планира изведување на проекти за кои се врши оценка на влијанието на проектот врз животната средина, како на национално така и на локално ниво.

Стратегиска оцена претставува процедура за проценка на влијанието на плановите, стратегиите и програмите врз животната средина и врз здравјето на луѓето. Стратегиската оцена на животната средина е процес во кој се предвидуваат одредени мерки, кои имаат за цел заштита на животната средина од сите можни влијанија и тоа уште во процесот на планирање и донесување одлуки за одредени стратегии, планови и програми, т.е. плански документи.

Преку навремено спроведување на постапката за стратегиска оцена на животната средина се обезбедува иденитификување на сите можни негативни и позитивни влијанија на целите на планот, програмата или стратегијата врз животната средина, а исто таке се дефинираат и алтернативи и можни мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

ЕУ Директивите и националното законодавство апелираат да стратегиска оцена на влијанието на планскиот документ како процес се одвива паралелно со развојот на планскиот документ, со цел целите на животната средина навреме да се земат во предвид при дефинирање на целите на самиот плански документ. Постапката за стратегиска оцена на животната средина треба да обезбеди високо ниво на заштита на животната средина, спроведување на насоките од релевантни стратешки и плански документи и интегрирање на целите на животната средина во подготовката и усвојувањето на стратегии, планови и програми (плански документи), а во насока на промовирање на одржливиот развој. Стратегиската оцена треба да ги земе во предвид сите влијанија врз животната средина и притоа се стреми:

- Да овозможи вградување на аспектите на животната средина во процесот на урбанистичкото планирање;
- Да ја зголеми ефикасноста при донесување на одлуки во однос на заштита на животната средина;
- Да обезбеди интегриран приод кон животната средина;
- Да го овозможи учеството на јавноста и консултирање со јавноста во процесот на донесување на одлуки;
- Да ја поттикне меѓусекторската соработка;
- Да се вградат одредбите на одржливиот развој (економски, социјални и еколошки аспекти).

Урбанистички план вон населено место за која се однесува Извештајот за стратегиска оцена на животната средина е изградба на погон за преработка на отпад во близина на населеното место Новаци – општина Новаци.

Изработката на извештајот за стратегиска оцена на Урбанистички план вон населено место за изградба овој стопански комплекс врз животната средина, беше изработен од овластен експерт за стратегиска оцена на животната средина, м-р Наталија Ацеска, во соработка со Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг "УРБАН - ПРОЕКТ" ДООЕЛ – Прилеп, во периодот од мај - јуни 2013 година.

## 2. ЦЕЛ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА

Целта на постапката за стратегиска оцена на животната средина е идентификација и анализа на влијанијата врз животната средина, животот и здравјето на луѓето кои би произлегле со имплементација на планскиот документ. Постапката за стратегиска оцена на животната средина треба да обезбеди високо ниво на заштита на животната средина, спроведување на насоките од релевантни стратешки и плански документи и интегрирање на целите на животната средина во подготовката и усвојувањето на стратегии, планови и програми (плански документи), а во насока на промовирање на одржливиот развој. Стратегиската оцена претставува формална и систематска оцена на значајните влијанија врз животната средина кои би произлегле со имплементацијата на предвидениот планскиот документ врз животната средина, но пред носење на одлуката за негово усвојување. Процесот на стратегиска оцена опфаќа:

- Подготовка на Извештај за стратегиска оцена каде што значајните влијанија од планскиот документ се идентификувани и оценети;
- Консултации со засегната јавност, органот надлежен за работи од областа на животната средина и останатите органи засегнати со имплементацијата на планскиот документ;
- Интегрирање на социјалните, економските и аспектите на животната средина;
- Земање предвид на заклучоците од Извештајот и консултациите при финализирање на нацрт планскиот документ;
- Објавување на одлуката за усвојување на планскиот документ и како стратегиската оцена влијаела врз усвојувањето на документот.

Извештајот за Стратегиска оцена на влијанието на детален урбанистички план за која се однесува Извештајот за стратегиска оцена на животната средина е изградба на погон за преработка на отпад КО Брод - Општина Новаци, има за

цел да ги вметне целите на животната средина на подрачјето опфатено со планот во целите дефинирани при изработката на планската документација со што ќе се обезбедат основните начела и воопшто одржливиот развој на општината.

## 2.1. ПРИМЕНЕТА МЕТОДОЛОГИЈА

При подготовка на извештајот за Стратегиска оцена на влијанието од реализацијата на Урбанистичкиот план вон населено место, експертскиот тим ја примени стандардната методологија, која се состоеше од следните чекори:

- Состанок со одговорните лица на инвеститорот;
- Посета на локацијата и проучување на теренот;
- Анализа на сегашната состојба со животната средина на предметниот опфат и неговата непосредна близина;
- Идентификување на медиумите и областите на животната средина кои би биле најосетливи при реализацијата на планот;
- Анализа на урбанистичката планска документација, намената на земјиштето и планираните функции на планскиот опфат;
- Идентификување на веќе постоечките дефинирани цели за заштита и унапредување на животната средина во стратешки документи, како на локално така и на национално ниво;
- Идентификување на потенцијалните негативни влијанија врз здравјето на човекот и животната средина од реализација на Урбанистички план вон населено место;
- Оценка на позитивните и негативните влијанија и анализа на значењето, времетраењето и штетноста на истите;
- Предлог мерки за спречување, намалување и ублажување на влијанијата на урбанистичката планска документација врз животната средина;
- Креирање на План за мониторинг на реализација на предложените мерки.

Во подготовката на извештајот за стратегиска оцена на урбанистички план за изградба на погон за преработка на отпад - КО Брод, општина Новаци, врз животната средина, беше користена многубројна литература од оваа област, и тоа: националната легислатива, стратешки локални и национални документи, урбанистичка планска документација, извештаи од меѓународни институции од оваа област и др.

## 3. ОПИС НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

Урбанистичкиот план вон населено место за изградба на погон за преработка на отпад - КО Брод, општина Новаци, се базира на на концептот со кој се дефинирани точните граници на градежната парцела, дефинирани се површини погодни за изградба на објектите во состав на планскиот опфат.

### 3.1. СОДРЖИНА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

Со Просторниот план на Р. Македонија се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат условите за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесување на Просторниот план на Р.Македонија (на седницата на Собранието на РМ одржана на 11. 06. 2004 година) донесен е и Закон за спроведување на Просторниот план на РМ (Сл. весник на РМ, бр. 39/04), со кој се уредуваат условите, начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на истиот. Просторниот план се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови за региони, за подрачја од посебен интерес, како и со урбанистички планови за и вон населени места и друга локална урбанистичка планска документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со законот.

Причина за изработка на ДУПД е токму ширењето на малото стопанство и комерцијални објекти, со отворање на нови сервисни. Со оваа ДУПД ќе се овозможи вреднување на приватната сопственост и побрза реализација на приватната иницијатива, а со тоа и подобрување на социо-економската положба на одреден број на жители од општината Новаци.

Деталниот урбанистичкиот план е изготвен согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на Р. Македонија бр. 24/08), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.весник на Р.М.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 78/06 и 140/07).

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, ДУПД како плански документ се изработува во две фази односно како Нацрт планска документација и Предлог планска документација. Урбанистичката планска документација, согласно Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.весник на РМ бр. 78/06) се состои од:

**Документациона основа која содржи:**

- Географски и геодетски карактеристики на подрачјето на планскиот опфат;
- Историјат на планирање и уредување на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина;
- Податоци за природни чинители и создадени вредности;
- Инвентаризација на изграден градежен фонд и вкупна физичка супраструктура;
- Графичка документација.

**Планска документација која содржи:**

- Вид на планот и опис на планскиот опфат;
- Извод од услови за планирање на просторот;
- Планска програма;
- Опис и образложение на планско-проектниот концепт;
- Ифраструктурни системи;
- Мерки за заштита и спасување;
- Технички услови и начин на градба;
- Услови за изградба;
- Графички прилози.

## 3.2. ПЛАНСКИ ОПФАТ

Планскиот опфат зафаќа површина од 1,6183 ха и истиот го дефинираат следните граници:

- Од исток граничи со КП бр. 2215/1 и 2870,
- Од југ граничи со КП бр. 2215/3, 2277 и 2778
- Од запад граничи со К.П. бр. 2215/5,
- Од север граничи со пристапен пат покрај Црна Река

Локалитетот е на надморска висина 575.80 до 577.40м.Падот на теренот во рамките на планскиот опфат изнесува од 1,0%-2,0%. Според податоците од ажурираната геодетска подлога, планскиот опфат се наоѓа во македонскиот референтен геодетски систем со приближни координати помеѓу Х = 534 000 - 533 750 и У = 546 750 - 547 000.

Планскиот опфат кој е предмет на изработка на оваа Локална урбанистичка планска документација за изградба на инфраструктурен комплекс со намена Е3 -рециклажа, третман и складирање на отпад на дел од К.П бр. 2215/2, К.О.

Брод, Општина Новаци, со површина од 16193м2 (по ажурирана дигитализирана подлога). Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 16193м2. Теренот е со пад од околу 1 до 2% од исток кон запад а висинската разлика на ниво на плански опфат изнесува околу 1, 5м. Надморската висина е од 575.80 до 577.40м.

Планската документација ќе се работи согласно Законот за просторно и урбанистичкопланирање (Сл.Весник на РМ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.63/12), Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за стандарди и нормативи за просторно и урбанистичко планирање, (СВ на РМ бр. 126/12) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичката обработка на урбанистичките планови (Сл.Весник на РМ бр.78/06).

Дадените природни фактори го детерминираат просторно-физичкиот развој на опфатот, како составен дел на истиот во неговото опкружување. Од нив произлегува развојот на основните функции и урбаната инфраструктура.

.

## 3.3. НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО

Сите активности во просторот треба да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи:
- градежните објекти важни за државата;
- капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите, општините и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- наменета и користењето на површините;
- мрежата на инфраструктура;
- мрежата на населби;
- заштита на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини со послаби бонитетни класи. Посебни мерки и

активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој;
- рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација;
- насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатства од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштита на животната средина;
- создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

Согласно член 35 и член 50-а (став 4) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), бидејќи планскиот опфат се наоѓа надвор од урбан опфат, односно сегашната намена е земјоделско земјиште. Локацијата на која се планира поставувањето на инфраструктурен комплекс со намена Е3 -рециклажа, третман и складирање на отпад е во согласност со Просторниот план и Условите за планирање изработени од страна на Агенцијата за планирање на просторот, а при планирањето се користени податоците од Елаборатот за услови за планирање на просторот.

Условите за планирање на просторот за изградба на инфраструктурен комплекс со намена Е3 -рециклажа, третман и складирање на отпад на дел од КП бр. 2215/2, К.О. Брод, Општина Новаци, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирање на просторот.

При создавањето на концептот на Локалната урбанистичка планска документација (ЛУПД) за планскиот опфат, се настојуваше да се запазат насоките од Просторниот план како план од највисоко ниво (бидејќи за планскиот опфат досега не е работен урбанистички план), а притоа да се одговори и на програмските барања со максимално почитување на пропишаната урбанистичка регулатива и на постојните и планираните состојби во инфраструктурата.

### 3.3.1. СЕГАШНА СОСТОЈБА НА ПРЕДМЕТНИОТ ПРОСТОР

Со инвентаризацијата е констатирано дека планскиот опфат е изграден простор кој бил користен за експлоатација на сепариран градежен матријал

(песок и чакал) од Црна Река. Евидентирани се вкупно осум градби од слаб матерјал во лоша состојба. Регистрирани се две катастарски парцела, К.П. бр. 2215/2-6 и 2215/2-7, евидентирани како градежно земјиште во сопственост на РМакедонија со право на користење на СТЕНТОН-ГРАДБА ДОО Битола.

Број на КП ------------------------------------- 2 (К.П. бр. 2215/2-6 и 2215/2-7)

Број на евидентирани градби и површина-----------------------------5/567м2

Спратност и висина------------------------------------------------------------ П, 3м

Во опфатот (согласно податоците од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј- Битола бр. 08-82/2 од 28.02.2013 утврдено е дека нема регистрирано видливо движно или недвижно културно наследство т.е. Заводот не може да даде мислење што постоело претходно со оглед дека локалитетот не е истражуван. Аналогно на тоа не е потребно изработување на Заштитно-конзерваторски основи за подрачјето на опфатот предвиден за изградба на инфраструктурен комплекс со намена Е3 -рециклажа, третман и складирање на отпад на дел од К.П бр. 2215/2, К.О. Брод, Општина Новаци е во близина на магистралниот патен правец М-5, Битола - Прилеп, кој е на југозападната страна на опфатот на оддалеченост од околу 8-10км. Од магистралниот патен правец М-5 до локацијата има пристапна сообраќајница која оди по должината покрај Река Црна. Теренот може да се окарактеризира како рамничарски, со благ пад од околу 1 до 2% од исток кон запад.Према увидот на лице место и добиените податоци низ посочената локација не поминува изведена водоводна мрежа ниту пак фекална и атмосферска канализација што е и логично бидејќи се работи за рурална, досега неурбанизирана средина. Према добиените податоци од, ЈП "СТРЕЖЕВО"Битола (бр. 09-707/2 од 19.10.2012г) на дадениот локалитет не поминува никаква инфраструктура од системот за наводнување, со кој стопанисува , ЈП "Стрежево "- Битола.

Според податоците од мислењето издадено од ЕВН Македонија, подружница КЕЦ Битола (бр. 27-3405/2 од 11.02.2013) и увидот на лице место, во планскиот опфат не постојат електрични инсталации.

Према увидот на лице место и добиените податоци во наведениот опфат нема постојна тк. инфраструктура.

Планскиот опфат е новопланиран, односно досега не бил третиран со Урбанистички план. Од анализите направени за сите сегменти на постојната состојба, произлегува дека опфатот претставува одржлива средина за урбанистички развој и не постојат пречки овој простор да прерасне во организирана и функционална урбанистичка целина.

Согласно член 35 и член 50-а (став 4) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12), бидејќи планскиот опфат се наоѓа надвор од урбан опфат, односно сегашната намена е сепарација на градежен матерјал, Агенцијата за

планирање на просторот изработи Елаборат за услови за планирање на просторот (со тех. бр. 05913 од Април 2013г.) во кој е третиран споменатиот простор, а Министерство за животна средина и просторно планирање издаде Решение за услови за планирање на просторот (бр. 15-2481/4 од 22.04.2013г.).
Локацијата на која се планира изградба на инфраструктурен комплекс со намена Е3 -рециклажа, третман и складирање на отпад на К.П бр. 2215/2, К.О. Брод, Општина Новаци е во согласност со Просторниот план и Условите за планирање изработени од страна на Агенцијата за планирање на просторот, а при планирањето се користени податоците од Елаборатот за услови за планирање на просторот.
Условите за планирање на просторот за изградба на инфраструктурен комплекс со намена Е3 -рециклажа, третман и складирање на отпад на дел од К.П бр. 2215/2, К.О. Брод, Општина Новаци, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирање на просторот.
Од аспект на економските основи на просторниот развој се препорачува според определбите па Просторниот план идниот развој и разместеност на економските дејности треба да базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии на стопанските дејности врз животната и работна средина.
Реализацијата на ЛУПД за изградба на инфраструктурен комплекс со намена Е3 -рециклажа, третман и складирање на отпад на дел од К.П бр. 2215/2, К.О. Брод, Општина Новаци на површина од 1,62 ха каде се предвидува монтирање на Фотоволтаични панели на отворен простор ќе биде во функција на развој на локалната економија.

### 3.3.2. ПЛАНСКИ КОНЦЕПТ ЗА ИДЕН ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за комерцијални и деловни намени, односно големи угостителски единици, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на истиот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациска флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.
Со анализата на постојна состојба, потребите на Општината и корисниците на предметниот локалитет треба да се оценат и одредат можностите на просторниот развој:

- во која насока е неопходниот развој;

- кои се ограничувачките фактори (тесни грла) на развојот;
- кои се реалните можности за развој.

Планската документација да биде изработена во согласност со Законот за Просторно и урбанистичко планирање – („Службен весник на РМ“, број 51/05), Законот за измена и дополување на Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, број 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови („Службен весник на РМ“, број 78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање – („Службен весник на РМ“, бр.63/12 и 126/12). Планскиот опфат е во една целина, како едноставна единица на градежното земјиште. Градежни парцели во рамки на планскиот опфат во овој случајов се две. Обележувањето на градежната парцела е со нумерација - број на градежната парцела. Намената на земјиштето во планскиот опфат е дефинирана согласно одредбите дадени во Условите за планирање на просторот.

За организација на опфатот максимално се искористени податоците од анализите на постојната состојба, податоците од Просторниот план и сите релевантни закони во областа на урбанистичкото планирање.

После одредени варијанти и анализи кои се направија при формирањето на приложениот концепт изработувачот се одлучи да во голема мера ја почитува постојната состојба на катастарските парцели и да создаде концепција на реална урбанизација со можност за поедноставна реализација на планот, не нарушувајќи ги имотно правните односи. Површината на планскиот опфат изнесува 1,66 ха.Планскиот опфат е планиран за група на класа на намена "Е" (Инфраструктура), поточно за класа на намена "Е3" - Некомпактибилна инфраструктура. Намената на земјиштето се уредува на ниво на градежни парцели во рамките на планскиот опфат. Во конкретниот случај се работи за една градежна парцела. Системот на класи на намени е составен од пет групи на класи на намени од кои во планскиот опфат се застапени две:

1. Инфраструктура (Е)
2. Зеленило и рекреација (Д)

Групите на класи на намени се составени од следните класи на намени:

1. Инфраструктура (Е)

4. Оваа група на класи на намена е составена од пет класи на намени од кои во рамките на планскиот опфат се застапени следните:
5. Е3 - Некомпактибилна инфраструктура (депонии), конкретно рециклажа, третман и складирање на отпад.

2. Зеленило и рекреација (Д)

- Оваа група на класи на намена е составена од три класи на намени од кои во рамките на планскиот опфат се застапени следните:

- Д2-Заштитно зеленило
- Тука спаѓаат уредени зелени површини чија основна намена е да ги изолираат зоните со инкомпактибилна намена и имаат улога на тампон зони.

Зелените површини се планираат да бидат во состав на градежната парцела, односно неизградените површини да бидат уредени со заштитно зеленило.

При одредување на градежните парцели, максимално се почитува приватноста, односно постојните катастарски парцели и планската програма. Во границите на дел од К.П. 2215/2 катастарската парцела (К.П. 2215/2) се формира една градежна парцела, во согласност со дадените норми и барањата на сопствениците.Во рамките на градежната парцела се планира една површина за градба.Изградбата на објектот ќе биде во границите на површините за градење, кои се регулирани со градежни линии.

Пристапот до парцелата е преку постојната пристапна сообраќајница која оди по должината покрај Река Црна, и се приклучува на магистралниот патен правец М-5, Битола - Прилеп, кој е на југозападната страна на опфатот на оддалеченост од околу 8-10км. Површините за градба се дефинирани согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12 и 126/12) како и другите позитивни законски рамки и се движат во рамките на пропишаните норми.Во состав на урбанистичкиот план, изработено е сообраќајно решение на примарната и секундарна сообраќајна мрежа.Како основа на модерното урбанистичко планирање е концепцијата на уличната односно патната инфраструктурна мрежа. Сообраќајната инфраструктура треба да обезбеди безбедно и непрекинато одвивање на сообраќајните токови како и рамноправен третман на сите учесници во сообраќајот, треба да биде прегледна и јасна.

Доминантна сообраќајница во овој дел е постојниот магистрален пат М 5, Битола- Прилеп, од југозападната страна на планскиот опфат. Сообраќајниот профил изнесува вкупно 7.0м (3.5+3.5). Пристапот до планскиот опфат е преку постојната пристапна сообраќајница која оди по должината покрај Река Црна, и се приклучува на магистралниот патен правец М-5, Битола - Прилеп, кој е на југозападната страна на опфатот на оддалеченост од околу 8-10км.

Со оглед на фактот што се работи за плански опфат лоциран на една сообраќајница со само една градежна парцела, сообраќајната мрежа во планскиот опфат е скоро целосно детерминирана. Од погоре кажаното, внатрешните сообраќајници се сведуваат на пристапна улица, манипулативно плато и паркинзи за потребите на градбата, планирани согласно Законската регулатива, која се надоврзува на погоре опишаната пристапна сообраќајница а ќе бидат дефинирани со изработка на Архитектонско-урбанистички проект.

Потребата од простор за возилата во мирување е неизбежен момент во сите видови на сообраќај. Тоа е најдрастично изразено кај индивидуалната моторизација земајќи го во обзир фактот да патничките автомобили повеќе од 90% од времето го поминуваат во состојба на мирување. Во овој план максималните површини за градба се предвидени во согласност со стандардите и нормативи за ваков вид на објекти но и во согласност со потребните места за паркирање во однос на парцелите и површините за градба, што значи дека се оставени доволно слободни површини во склоп на сопствените парцели каде би се решило паркирањето со урбанистичкиот проект.

Од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ." бр. 63/12 и 126/12) за определувањето на потребниот број на паркинг места според намената на земјиштето и градбите и нивната големина, како планска одредба односно услов за градење се утврдува следниот норматив:

Е3 - инфраструктурен комплекс со намена Е3 -рециклажа, третман и складирање на отпад - потребниот број на паркинг места ќе се утврди со проектна документација во зависност од специфичните потреби и услови, согласно чл. 61, точка 4 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот ("Сл. Весник" на РМ бр. 63/12 и 126/12).Паркирање на моторните возила се предвидува во рамките на градежната парцела, што значи дека изградбата на паркинзите е обврска на самиот инвститор.

Димензиите на паркиралиштата се во склоп со стандардите за ваков вид на објекти и се дадени во графичкиот прилог.

Во овој дел се третираат изворите, трансмисијата и начинот на снабдување со електрична енергија на предметниот простор. Според податоците од мислењето издадено од ЕВН Македонија, подружница КЕЦ Битола (бр.27-3405/2 од 11.02.2013) и увидот на лице место, во планскиот опфат непостојат електрични инсталации.

Према увидот на лице место и добиените податоци во наведениот опфат нема постојна тк. инфраструктура.

Од увидот на лице место и добиените податоци е констатирано дека низ планскиот опфат не поминува изведена водоводна мрежа ниту пак фекална и атмосверска канализација што е и логично бидејќи се работи за рурална, досега неурбанизирана средина.

Према добиените податоци од, ЈП "СТРЕЖЕВО" - Битола (бр. 09-707/2 од 19.10.2012г), на дадениот локалитет не поминува никаква инфраструктура од системот за наводнување, со кој стопанисува, ЈП "Стрежево" - Битола.

Изградбата на ваков вид објект, треба да предизвика економски ефекти во непосредното опкружување, од аспект на вработувања и повисок квалитет на

услугите што ќе ги дава на другите стопански дејности, а во корелација со порамномерниот урбан развој на руралната средина со блиските урбани центри. Изградбата и користењето на проектираната градба е во доменот на концепцијата на инвеститорот. Со примена на сите законски нормативи, градбата ќе биде корисна и економски оправдана инвестиција, односно ќе има организирано пазарно стопанисување.

ЛУПД за инфраструктурен комплекс со намена Е3 -рециклажа, третман и складирање на отпад на К.П бр. 2215/2, К.О. Брод, Општина Новаци овозможува организирано, функционално поврзување, рационалност на просторот, како и урбано естетско и еколошко обликување на просторот. ЛУПД создава основна концепција за начинот на уредување на просторот, изградба на комунална инфраструктура и други потребни содржини и создадени услови за заживување на економијата во рамките на планиран развој и опслужување.

Локалната урбанистичка планска документација за изградба на инфраструктурен комплекс со намена Е3 -рециклажа, третман и складирање на отпад на К.П бр. 2215/2, К.О. Брод, Општина Новаци има посредна примена преку понатамошната изработка на идеен проект и изготвување на Решение за локациски услови, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12).

ЛУПД посредно се применува преку изработка и реализација на основни проекти за улична мрежа, комунална инфраструктура и други елаборати што произлегуваат како обврска од позитивните законски прописи и овие одредби и во случаи кога тоа е предвидено со Закон.

Согласно Заклучните согледувања од елаборатот за Услови за планирање на просторот се препорачуваат следните насоки:

Според определбите па Просторниот план идниот развој и разместеност на економските дејности треба да базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии на стопанските дејности врз животната и работна средина.

Реализацијата на ЛУПД за изградба на инфраструктурен комплекс со намена Е3 -рециклажа, третман и складирање на отпад на дел од КП бр. 2215/2, К.О. Брод, Општина Новаци, на површина од 1,66ха ќе биде во функција на развој на локалната економија.

Од аспект на заштита на земјоделско земјиште се препорачува:

При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија). Приоритет е заштитата на земјоделското земјиште и

ограничување на трансформација на земјиштето од I-IV класа во неземјоделско земјиште.

Врз основа на Законот за земјоделско земјиште (Сл. весник на РМ бр. 135/07 од 08.11.07), пренамена на земјоделско земјиште се регулира со членовите 48, 49, 50, 51. Согласно член 49, при зафаќање на нови земјоделски површини од I, II, III и IV бонитетна класа предвидени со програмата за изработка на урбанистички планови, ЕЛС се должни да прибават согласност за трајна пренамена од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Од аспект на водостопанска инфраструктура се препорачува:

Долгорочното решавање на обезбеденост со вода да се одвива во насока на: синхронизирана изграба на водостопански објекти со кои се овозможува повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода; максимално рационализирање на потрошувачката; повеќекратно искористување на водата и осовремување на технолошкиот процес.

Доколку за водоснабдување се користат подземни води да се проучат нивните аквифери. Динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација, без влошување на квалитетот. Не се дозволува прекумерна експлоатација на подземните води поради кое би дошло до пореметување на нивниот режим.

За заштита на површинските водотеци и подземни води потребно е заштита на квалитетот на водите на самите изворишта на загадување. Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно да бидат доведени до квалитет према "Уредба за класификација на водите"

Од аспект на енергетика и енергетска инфраструктура се препорачува:

Низ предложената локација за стопанскиот комплекс да поминуваат подземни и надземни инфраструктурни водови заради што треба да се почитува пропишаната регулатива и да се поштуваат заштитните коридори.

Локацијата нема конфликти со останатите постојни и планирани енергетски и комуникациски инфраструктурни водови.

Од аспект на урбанизација се препорачува:

Изградбатата на инфраструктурен комплекс со намена Е3 -рециклажа, третман и складирање на отпад ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, базирано врз принципите на одржлив развој со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Од аспект на домувањето се препорачува:

Инцијативата за изработка на ЛУПД за изградба на инфраструктурен комплекс со намена Е3 -рециклажа, третман и складирање на отпад на дел од КП бр. 2215/2, К.О. Брод, Општина Новаци, е во функција на концептот кој нуди можност за понуда на квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој која се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина;

Предложената локација за изградба на инфраструктурен комплекс со намена Е3 -рециклажа, третман и складирање на отпад на дел од КП бр. 2215/2, К.О. Брод, Општина Новаци, е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на друг тип на јавни функции на истата локација, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу нив.

Од аспект на индустријата се препорачува:

Изградбата на инфраструктурен комплекс со намена Е3 -рециклажа, третман и складирање на отпад на дел од КП бр. 2215/2, К.О. Брод, Општина Новаци, на површина од 1,66ха каде се предвидува монтажа на Фотоволтаични панели на отворен простор, ќе биде во функција на развој на индустријата и согласно определбите на Просторниот план на Р. Македонија, треба да биде поставена врз принципите за заштита на животната средина и одржлив локален развој .

Од аспект на сообраќај и врски се препорачува:

Наведените показатели ја потврдуваат добрата поставеност на локацијата за инфраструктурен комплекс со намена Е3 -рециклажа, третман и складирање на отпад во однос на сообраќајните правци и текови во Р. Македонија.

При планирање на локацијата да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта (Сл.весник на РМ, бр. 84/08, бр. 52/09, бр. 114/09 и бр. 124/10).

Од аспект на заштита на животната средина се препорачува:

Согласно Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05, бр. 81/05, бр. 24/07, бр. 159/08, бр. 83/09, бр. 48/10 и бр. 124/10) и Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанијата врз животната средина (Сл. весник на РМ, бр. 74/05 и бр. 109/09), треба да се утврди потреба од спроведување на постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина, ја утврдува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Согласно Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05, бр. 81/05, бр. 24/07, бр. 159/08, бр. 83/09, бр. 48/10 и бр.124/10) и Законот за заштита на природата (Сл. весник на РМ бр. 67/04, бр.14/06, бр. 84/07 и бр. 35/10), правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не

спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведувањето на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

Надлежноста за одобрување на елаборатот се утврдува согласно Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје (Сл. весник на РМ бр. 80/09) и Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборатот, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина (Сл. весник на РМ бр. 80/09).

Предвидување на соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга цел.

Испитување на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, согласно Уредбата за класификација на водите и Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води и истовремено да се намали опасноста од загадување на почвата односно подземните води во овој регион.

Согласно со член 7 од Законот за управување со отпадот (Сл. весник на РМ бр. 68/04, бр. 71/04, бр. 107/07, бр. 102/08, бр. 143/08 и бр. 124/10), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен или во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или да се искористи како извор на енергија. После соодветниот третман се препорачува задолжително депонирање на инертните отпадни материи во постојната санитарна депонија.

Заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиентите и пејзажите во предвидениот простор.

Обезбедување на заштитен појас со високо зеленило во поглед на комплексната заштита на просторот, посебно покрај сообраќаниците, и богато хортикултурно уредување на комплексот.

Потребно е да се потенцира дека создавачот или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
Од аспект на заштита на природното наследство се препорачува:
Во близина на просторот предложен за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на инфраструктурен комплекс со намена Е3 -рециклажа, третман и складирање на отпад на дел од КП бр. 2215/2, К.О. Брод, Општина Новаци, нема регистрирано и евидентирано видливо природно наследство.
Доколку при изработка на урбанистичката планска документација или при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.
Од аспект на заштита на културно историското наследство се препорачува:
Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл. 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, бр. 115/07), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл. 129 од Законот.
Од аспект на развој на туризмот се препорачува:
Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на Пелагониски туристички регион во кој се утврдени 9 туристички зони со 25 туристички локалитети.
Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.
Од аспект на заштита од воени разурнувања, природни и техничко - технолошки катастрофи се препорачува:
Локацијата за која се изработува Локална урбанистичка планска документација за изградба на инфраструктурен комплекс со намена Е3 -рециклажа, третман и складирање на отпад на дел од КП бр. 2215/2, К.О. Брод, Општина Новаци, се наоѓа во зона со VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси. Овие услови налагаат потреба од строго почитување на условите за асеизмичка градба на објектите и инфраструктурата.
Планираните сообраќајници да се реализираат согласно планот.

Бидејќи во опфатот нема канализација, ниту заедничка пречистителна станица, во склоп на градежната  парцела треба да има пречистителна станица во согласност со дадените прописи.

При изработката на ЛУПД, потребно е да се вградат сите параметри од аспект на Заштита на животната средина.При изработка на ЛУПД, максимално  да се вградат параметрите од аспект  на Заштита од пожар.

Условите  за изградба на објекти треба да содржат посебни параметри за приклучоците за водоснабдување,електрика, ПТТ и одстранување на отпадните води.

Одстранување на одпадот е обврска на Локалната самоуправа во договор со сопственикот на  градежната парцела.

Во табеларниот прилог парцела е означена со број (во конкретниот случај 5, бидејќи се работи за само една ГП) како и податоци за намената, површината на локацијата, површина за градба (бруто), процент на изграденост, коефициент на искористеност, намена на површини  и максимална висина на кота на венец. Во конкретниот случај погоре споменатите параметри изнесуваат:

Површина  на опфатот -------------------------16585м2 (1,66ха)--------100,00%
Површина на ГП. ---------------------------------------------------16585м2 (1,66ха)
Е2. П за градба, ------------------------------------12544м2 --------------------79.97%
Д2. Заштитно зеленило -------------------------  1335м2 --------------------  8.52%
Слободни површини --- --------------------------  1806м2---------------------11.51%
Број на ГП во планскиот опфат -------------------------------------------------------1
Процент на изграденост ---------------------------------------------------------79.97%
Коефициент на искористеност-----------------------------------------------------0.80
Максимална висина ---------------------------------------------------------------------6м
Спратност на градбите ---------------------------------------------------------------П

### 3.3.3. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНСКОТО РЕШЕНИЕ

Обемот, динамиката на финансирање и реализација на планските решенија на изработка на Детален Урбанистичкиот план за изградба на стопански комплекс - погон за складирање, третман и преработка на отпад, на КП бр.2215/2, КО Брод, општина Новаци, ги опфаќа сите трошоци за планирање, проектирање, подготвување (уредување) на земјиштето, изградбата на објектите, надворешните инсталации и сообраќајните површини.

Секако дека има и други трошоци освен наброените, што влијаат на висината на вкупните средства потребни за реализација на еден ваков документ.

Секакво определување на трошоците за реализација на овој опфат наречени економско образложение е соочено и оптоварено со низа ограничувања и истите реално ќе произлезат од вредностите пресметани со Основните проекти, а се изложени и од чести промени на цените на пазарот, неможноста да се утврдат одделни ставки на трошоци, непредвидливост на одделни трошоци, обемот на уредување на градежното земјиште, постојаниот расчекор помеѓу потребите и можностите, недостаток на егзактни елементи за докажување на одредени претпоставки и слично.

Економското образложение за оправданоста на планскиот концепт произлегува од местоположбата на локалитетот и планските решенија кои ги нуди предметниов план.

Потребно е да се изработи Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) за изградба на инфраструктурен комплекс со намена Е3 -рециклажа, третман и складирање на отпад на дел од КП бр. 2215/2, К.О. Брод, Општина Новаци. Основна цел на ЛУПД е формирање на градежна парцела и организација на просторот во границите на планскиот опфат со рационално уредување и користење на просторот за утврдената намена, со максимално почитување на законската регулатива од областа на просторното и урбанистичко планирање.

Изборот на оваа локација, према направените анализи на постојната состојба и податоците од Просторниот план, произлегува од следните просторно-еколошки критериуми:

- природните услови;
- сообраќајните услови;
- локациска компатибилност и можност за задоволување на критериумите и стандардите за заштита на животната средина;
- можности за воспоставување на стопански врски со гравитационото подрачје, привлекување на нова работна сила, пазар, снабдување со енергенти и вода;

- можност за вклучување во просторно урбаната структура на населбите и регионалното окружување;
- користење на компаративни погодности на локационо- развојниот потенцијал;
- геополитички и геостратешки погодности;

Реализацијата на ДУПД за изградба на стопански комплекс - погон за преработка на отпад, на КП бр.2215/2, КО Брод, општина Новаци, ќе биде во функција на развој на локалната економија и согласно определбите на Просторниот план на РМ треба да биде поставена врз принципите за заштита на животната средина и одржлив локален и национален развој.

## 4. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛОКАЦИЈА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА И ВО ОКОЛИНАТА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Заради дефинирање на целите на заштитата на животната средина во постапката на Стратегиската оцена на Урбанистичкиот план вон населено место (цели на СОЖС), беше извршен преглед и анализа на карактеристиките на подрачјето планирано за изградба на стопански комплекс, карактеристики на локација и тоа: географска положба, релјеф, геолошки карактеристики, климатски и сеизмички карактеристики, население, стопански развој и културно-историско наследство.

Посебно внимание е посветено на карактеристиките на животната средина, односно анализа на најосетливите елементи кои би можеле да бидат афектирани од реализацијата на овој плански документ.

### 4.1. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛОКАЦИЈА

Територијата на општината Новаци се наоѓа во јужниот дел на Републиката – во Пелагониската котлина и западните падини од Селечка планина. Се граничи со следните новопредвидени општини: на север со општината Добрушево, на исток со општината Старавина, на југоисток со општината Бач, на југозапад со општината Бистрица, на запад со општина Битола и на северозапад со општина Могила. Вкупната територија на општината зафаќа 18.558 ха и ја сочинуваат катастарските општини на 18 села.

Пелагониската котлина е најголема котлина во Македонија ( 4.166 км²) има меридијански правец на протегање и ја чинат две морфолошки целини ( Битолско и Прилепско поле) кои меѓу себе се одвоени со тополчанската котлина. Највисоката точка на Битолското поле е 605 м.н.в, југоисточно од

селото Трновци, а најниската е 574 м.н.в, кај селото Долно Егри. Источната рамка на Битолското Поле ја чинат западните огранци на Селечките планини и западниот дел на Ниџе планина.

Општината Новаци се наоѓа на Јужниот дел од Република Македонија, на географска широќина од 41 степен и 40 сек. и на географска должина од 21 степен, 27 минути и 40 секунди. Го зафаќа југоисточниот дел на Пелагониската рамнина, централниот дел на течениeто на Црна Река, битолскиот дел на Мариово и пограничниот дел со Република Грција на потегот на планината Ниџе. Претставува засебна геоморфолошка депресија. Зафаќа 1492,7км$^2$. Хипсометриски просторот се протега од 500 до 2700м. Рамничарските простори главно се застапени во појасот од 500 до 700м и зафаќаат 686,9км$^2$ или скоро 50% од целата територија. Карактеристично е тоа што дури 394км$^2$ се наоѓаат во хипсометрискиот појас од 575 до 600м, што укажува за мошне голема нивелација на рамницата. Во рамките на Битолското Поле како посебна целина се издвојува Цапарското Поле. Новаци е рамничарско село и лежи на надморска височина од 576 метри, а од градот Битола е оддалечено 11 километри. Селото има карактеристична полјоделска функција, поради тоа што неговото население се занимава главно со земјоделие (одгледување жито). Во близина на Новаци се наоѓа најголемата Македонска термо-електрана РЕК Битола и фабриката ФОД Новаци па еден дел од населението е вработено и во овие идустриски капацитети.

Топографските карактеристики за новачкиот атар се скоро насекаде еднакви. Барското и мочурливо земјиште е сведено на најмала можна мера и зафаќа само 5,5% од вкупниот селски атар.

Поволните географско- топографски карактеристики на новачкиот атар создаваат добра појдовна основа за усовршување и зголемување на земјоделското производството.

Во географско- топографска смисла источните терени и делови од селото се поповолни затоа што селото теренот постепено се издигнува одејќи кон исток. Висинската разлика меѓу крајните западни и крајните источни делови на селото ( а тоа е растојаније од околу 1,6 км) изнесува околу 7,0 м.

Низ селото Новаци минува регионалниот пат Р- 509, Битола- Новаци – Маково – Рапеш – Старавина. Овој пат е еден од позначајните регионални патишта кој ги поврзува пелагониските земјоделски стопанства, шумските терени во Мариово и непосредно или посредно 30 села со регионалниот центар- градот Битола. Селото Новаци е со свој пат поврзано со градот. Од овој пат во близината на селото се одвојуваат трансверзални економски патишта на земјоделско-индустрискиот комбинат ,, Пелагонија “. Исто така во селото се крстосуваат регионалниот пат и селски пат од лева страна на р. Црна со приближен правец север-југ (с. Добрушево - с. Брод), каде што се наоѓа планскиот опфат.

Со изградбата, односно модернизацијата на регионалниот пат Битола-Новаци, селото Новаци како и поголем број села од Новачката општина добиваат современа патна врска со градот како и меѓусебно комуницирање.
Друг поважен локален пат кој минува низ селото Новаци е патот Брод-Новаци – Добромири. Осталните патишта што минуваат низ селото или блиску до него немаат некакво поголемо значење со толку повеќе што не се единствени за населбите низ кои минуваат. Коловозот им е земјан освен патот Новаци – Рибарци. Функцијата им беше покрај локалното врзување за населба со населба и пристап до индивидуални (приватни) земјоделски површини. Денес, кога селото Новаци и другите поблиски села се речиси во центарот на ЗК ,, Пелагонија" и кога поголемиот дел од плодната земја е во негов посед функцијата не локалните земјени патишта е многу смалена и во иднина уште повеќе ќе се смалува.

### 4.1.1. ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА

Планскиот опфат се наоѓа на територијата на Општина Новаци која се поистоветува со познатата област Пелагониска котлина која ја сочинуваат две плодни полиња Битолско и Прилепско поле. Прилепско Поле е дел од пространата Пелагониска Котлина. Го зафаќа северниот дел од котлината, поточно се простира северно од Тополчанската греда. Ограничено е со водоразделните линии по Бучева Планина, Даутица, Бабуна и Селечка Планина. Зафаќа површина од 943,8 $km^2$. Од нив 573,2 $km^2$ се рамничарски простор помеѓу 575 до 700 m.
Локацијата на комплексот која е предмет на изработка се наоѓа на КП. 2215/2 во близина на населеното место Брод.

### 4.1.2. РЕЛЈЕФ

Општина Новаци претставува засебна геоморфолошка депресија. Релјефот на непосредното окружување го условува опфатот на урбаното подрачје т.е. географската територија да има облик на триаголник со испакнати страни и заоблени темиња. Во регионален смисол ова подрачје припаѓа на границата на геотектонската макроструктура, во науката позната под името Пелагонски хорст-антиклинориум и западно-македонската геотектонска зона. Карпестите маси од овие геолошки целини на подрачјето на Новаци се препокриени со терциерни-плиоценски седименти кои се составени од песокливо-глиновити фракации. Нивната дебелина изнесува повеќе од 200 m, но во централниот дел

на Пелагонија и до над 400 m, бидејќи овој дел претставува типичен залив на пелагонското езеро.

### 4.1.3. ГЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Теренот е со пад од околу 1 до 2% од исток кон запад, на надморската височина од 575.80 до 577.40м.

Во геотектонски поглед територијата на општина Новаци-Битола припаѓа на геотектонските единици; Пелагониски масив и Вардарска зона. Пелагонискиот масив го сочинуваат терени изградени од високо метеморфни карпи во ова подрачје представени со повеќе вариетети. На Вардарската зона како геотектонска единица и припаѓаат источните делови од општината и главно ги сочинуваат седименти од средна вредност. Земјиштето се карактеризира со постојани физичко-механички својства врз основа на кој се карактеризира како претежно стабилен терен. За фундирање на објекти со поголеми висини од П+3 етажи или сложени конструкции со поголеми распони обавезни се посебни геомеханички испитувања на почвата во рамките на површините за градба. Од инженерско-геолошки аспект, седиментите на комплетниот геолошки профил на овој локалитет овозможуваат поволна општа стабилност на објектите на комплексот.

Подрачјето на Пелагониско-Мариовскиот регион го градат геолошки комплекси различни по старост и петрографско-минеролошки карактеристики, така да се застапени генетски типови од предкамбријска до рецентна старост.

Од најстаро поткело се предкамбриjските стени: гнајсеви,микашисти, зелени шкрилци и мермери, кои ги изградуваат централните делови на Селечка планина и планината Ниџе.

Најниските делови на просторот во Пелагониската котлина (вклучувајќи ја и предметната општина) изградени се од седиментни стени. Најзастапени се алувијалните и алувијално-терасните седименти, кои се јавуваат вдолж речните токови и делувијалните седименти, кои се среќаваат на ободните делови на западната страна на Селечка планина, каде се протега источниот дела на општина Новаци. Не се вршени некои посебни геолошки изпитувња на теренот на кој е расположена населбата Новаци и нејзината непосредна околина.

Најизразити геолошки пшореметувања на територијата на Македонија се одиграле неоген. Тогаш со спуштање на поедини блокови створени биле поголем број тектонски котлини, кои биле исполнети со вода и претворени во езера.

Меѓу котлините створени на тој начин во тој геолошки период е Пелагониската, која по своите димензии се најдува на прво место. Таа е од сите страни засечена со раседи кои се и денес активни. Поради отсуство на видливи

индикатоир неможе ништо поодредено да се каже за структурата на тектонскиот блок на кој е расположена и населбата Новаци. Меѓутоа познато е дека еден од поголемите раседи се наоѓа во близината на Битола.
Со оглед да Пелагонија претставува значителен јагленосен басен врз чии резерви на јаглен се темели и концепцијата за развој за енергетиката во републиката се очекува во непосредна близина на РЕК Битола , да и понатаму се прошируваат термоенергетските капацитети и постројувања за оплеменување и преработка на лигнитот.
Од изнесеното може да се заклучи дека пошироката околина на Битола вклучувајќи го и просторот на општината Новаци претставува геолошки предиспониран терен за сеизмичка активност.
Во Пелагониската котлина распространети се следниве типови почви, алувијални,ливадски, ливадско- блатни, блатни и тресетни, делувијално-алувијални и делувијални почви. Алувијалните почви се едни од најраспротстранетите почви во котлината и завземаат површина од 18.380 ха.
По својата морфологија како и по хемиските својства се многу различни
Во регионалната карпеста геологија на Пелагонискиот масив доминира високо метаморфна карпа (подрачјето на Општина Новаци). Според инженерско-геолошките карактеристики, на теренот се присутни три класификации:

- Стабилни терени: варовнички карпи, гранити, гнајсови и микашисти;
- Условно стабилни терени (што зафаќаат најголем дел од Општина Новаци: флишови, алувијално-делувијални седименти и вулкански седименти;
- Нестабилни терени: неогена глина, глинести песоци, чакал, дилувијални и пролувијални седименти.

Според податоците обезбедени од претходните регионални геолошки истражувања, широко распространетиот терен на североисточниот дел на Пелагониската низина е составен од:

- Квартерни (алувијални) седименти – застапени во горниот дел со комбинација од песок и чакал, со слоеви од глина и милни фракции. Долниот дел на овие седименти се главно застапени со глинест материјал, но ретко со седименти од чакал-песок чија што густината достигнува до 40 m;
- Полиценски седименти – главно застапени со различни врсти на глина, со присуство на чакал, песок и милни слоеви. Густината на овие седименти достигнува до 370 m.

Геолошкиот состав на почвата во рамките на урбаниот опфат обезбедува вообичаено фундирање на објекти со мала и средна височина. Во најголем дел

се застапени езерски песокливи глиновити седименти како и алувијални и делувијални слоеви. Во овој локалитет, земјиштето е од V бонитетна класа. Најзастапени почви за длабочина на фундирање до 2,0m се чакално-песокливите почви чија носивост изнесува до 280-300kn/m2, а на глиновито-песокливите до 120-200kn/m2. За фундирање на објекти со поголеми висини од П+3 ката или сложени конструкции со поголеми распони обавезни се посебни локални геомеханички испитувања на почвата во рамките на габаритите на објектите.

### 4.1.4. КЛИМАТСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Пелагониската котлина лежи на надморска висина од 575 до 660 метри во која е овозможен непречен продор на воздушни маси од поголеми географски широчини кои условуваат ниски температури во зимските месеци, и формирање на езеро на ладен воздух. Во летните месеци загреаниот континентален воздух условува доста високи температури.

Во овој предел владее умерено-континентална клима, со просечна годишна температура од 11,5°C, односно просечен годишен максимум 17,4°C и годишен просечен минимум 5,3°C. Годишната амплитуда изнесува 21,8°C, додека разликата меѓу апсолутниот максимум (39,4°C) и апсолутниот минимум (-22,4°C) изнесува 61,8°C. Просечната годишна сума на сончевиот сјај изнесува 2332 саати. Просечна релативна влажност на воздухот изнесува 75%, што е за пет единици повисока од оптималната (70%).

Во поглед на врнежите карактеристичен е медитеранскиот плувијален режим. Просечна годишна сума на атмосферскиот талог изнесува 610мм, со големи осцилации во поедини години (од 138мм до 712мм) и со нерамномерна распореденост во текот на годината. Просечно годишно има 30 денови со снежна покривка, а 210 дена трае мразниот период. Годишно има 12 дена со магла, 93 ведри денови, 183 облачни и 89 тмурни. Подрачјето се смета за добро проветрено, со најголема зачестеност на ветровите од северен правец од 183%о и просечна брзина од 2,2м/сек.и јужниот ветер со честина од 131%о, и просечна брзина од 3,6м/сек, западниот ветер со честина од 56%о и просечна брзина од 3,6м/сек.

Влијанието на климатските елементи и климатските фактори, се однесуваат на развојот и егзистенцијата на живиот свет, на целосната активност на човекот и на одредени процеси во природата, како значаен елемент во биосферата.

Главната метеоролошка станица во Битола работи од 16.3.1945 година, метеоролошките мерења на овој регион се поврзани на битолската метеоролошка станица и податоците за село Живојно кое се наоѓа во најјужниот

дел на територијата на општината Новаци на надморска височина од 710 м одговараат на податоците на овој регион. Во зимските месеци карактеристичен е влажен период со снежна покривка од декември до март со дебелина до 60 цм. Продорот на воздушни маси од поголеми географски širочини условуваат ниски температури во зимските месеци, и формирање на езеро на ладен воздух. Во летните месеци загреаниот континентален воздух условува доста високи температури.

Пролетните и есенските месеци се со пријатни температури на воздухот, но можат да добијат специфики на продолжена зима или продолжено лето. Според тоа климата е со умереноконтинентален карактер, со нагласена континентална компонента. Температурата има специфичности на континентална клима, додека врнежите се одлика на сушна изменето-медитеранска или степска клима.

Просечното годишно траење на сончевото зрачење (инсолација) изнесува 2.321часа, и тоа најдолго во месец јули со просечно 11 часови дневно.

Годишната облачност изнесува просечно 5,4 десетини, со најголеми вредности во јануари а најмали во август или просечно годишно 53% се облачни денови.

Релативната влажност се намалува од јануари до август и изнесува просечно 68%.

Во Битола има појава на поларна светлина, преку Битола поминува изохазмата (линија која поврзува места со еднаков број на денови со појава на поларна светлост 0,1, што значи дека на небото над Битола просечно само еднаш во 10 години се појавува поларна светлина.

Во овој дел на Пелагонија преовладуваат северните ветрови, со просечна зачестеност 189$^{0}/_{00}$ и просечна годишна брзина од 2,2м/с. Јужниот ветер е втор по зачестеност, со годишен просек од 134$^{0}/_{00}$ и просечна брзина од 3,7м/с, следи северозападниот ветер со 83$^{0}/_{00}$ и годишна брзина од 2,4м/с.Североисточниот ветер со зачестеност од 63$^{0}/_{00}$ и просечна брзина од 2,2м/с и западниот ветер зачестеност од 61$^{0}/_{00}$ и брзина од 3,5м/с, додека југозападниот ветер дува со зачестеност 41$^{0}/_{00}$ и просечна брзина од 2,4м/с. Најмала зачестеност има источниот ветер и тоа просечно 22$^{0}/_{00}$ и просечна годишна брзина 1,7м/с.

За Пелагонија се карактеристични ветрови и од локален карактер како последица на нееднаквото загревање на котлината и околните планини. Тоа се ветрови со денонoќни периоди, дење дуваат од котлината кон планините а ноќе обратно што условува нивно освежително дејство во топлите летни месеци.

Пелагонија е доста ветровито подрачје и во просечното повеќегодишно струење на воздухот каде најзачестен е северозападниот правецот на ветровите. Со најголема зачестеност од 196‰ е северозападниот ветер со просечно траење од 1-2 дена со средна брзина до 5,7м/сек и максимална брзина до 27,0м/сек и дува преку целата година. Западниот ветер дува со помала зачестеност 52‰ и

средна годишна брзина од 3,3м/сек најчесто во март и во јули. Југоисточниот ветер е втор по зачестеност со 179‰, најчест е во март и април со просечна брзина од 6,2м/сек и источниот ветер најчесто дува во пролет и лето со брзина до 2,5м/сек и е со зачестеност од 18‰.




Роза на зачестеност на правец на ветрови во Пелагониска котлина

| Правец на ветер | NE | SW | N | S | E | W | NW | SE |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зачестеност во % | 43% | 11% | 10% | 9% | 6% | 5% | 5% | 2% |

Ветровите се од североисточен правец со просечна брзина од 3.7м/сек. Во овој дел на Пелагонија преовладуваат северните ветрови, со просечна зачестеност $189^{0}/_{00}$ и просечна годишна брзина од 2,2 м/сек. Јужниот ветер е втор по зачестеност со годишен просек од $134^{0}/_{00}$ и просечна брзина од 3,7 м/сек, следи северозападниот ветер со $83^{0}/_{00}$ и годишна брзина од 2,4 м/сек. Североисточниот ветер со зачестеност од $63^{0}/_{00}$ и просечна брзина од 2,2 м/сек

и западниот ветер со зачестеност од $61^0/_{00}$ и брзина од 3,5 м/сек, додека југозападниот ветер дува со зачестеност $41^0/_{00}$ и просечна брзина од 2,4 м/сек. Најмала зачестеност има источниот ветер и тоа просечно $22^0/_{00}$ и просечна годишна брзина 1,7 м/сек. Најголема зачестеност на тишините, деновите без ветер, е забележана просечно со $395^0/_{00}$, а најветровити се месеците јули и август со ветар од разни правци.
Според бројните податоци за воздушните струења во Пелагониската котлина, општа оценка е дека подрачјето на предметната локација се одликува со зголемена природна вентилација која делува како позитивен еколошки фактор во прочистување на атмосферата. Поради наведениот режим на ветровите и високите просечни температури на воздухот и смалените врнежи од друга страна забележани се значителни вредности на испарување од слободна водена површина. Тоа изнесува просечно 1246 mm од $1m^2$ годишно. Ова испарување е со најголема вредност во целиот регион. Значителна е штетата која ја нанесуваат пролетните сушни периоди, особено во април и мај кога го оштетуваат приносот на житните култури.
Според бројните податоци за воздушните струења во Пелагониската котлина кои овде не ги цитираме единечно, општа оценка е дека подрачјето на предметната локација се одликува со зголемена природна вентилација која делува како позитивен еколошки фактор во прочистување на атмосферата.
Поради наведениот режим на ветровите и високите просечни температури на воздухот и смалените врнежи од друга страна забележани се значителни вредности на испарување од слободна водена површина. Тоа изнесува просечно 1246мм од $1м^2$ годишно. Ова испарување е со најголема вредност во целиот регион. Максимално испарување е во август и јули просечно 217литри, минимално испарување е во јануари просечно 29литри од $1м^2$.
Значителна е штетата која ја нанесуваат пролетните сушни периоди, особено во април и мај кога го оштетуваат приносот на житните култури, кои се секогаш со фенофаза на класење, цветање и млечна зрелост. Со примена на линеарниот технолошки тренд, кој во себе ги вклучува агротехничките мерки во зависност од метеролошките услови во Пелагонија ако се сака просечен принос потребно е вклучување на мелиоративниот систем.

### 4.1.5. СЕИЗМИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Врз основа на досегашните сеизмолошки истражувања и макросеизмичката реонизација на територијата на РМ, очекуваните максимални земјотреси од локални или далечински жаришта, во рамките на урбаното подрачје ќе се манифестираат со епицентрален интензитет до $VII^0$ според МКС скала

Во сеизмички активните региони влијанието и последиците од силните земјотреси врз животната средина можат да бидат многу сериозни и деструктивни. Покрај разурнувањата на инфраструктурата и објектите, негативните ефекти по животната средина се појавуваат на просторите на разурнтатите објекти, пропратени со појава на пожари. Во соодветните планови за земјотресите исто како во соодветните акции после силните земјотреси, постои можност за настанување на оштетувања на системите опасни за животната средина. Овие системи може да бидат извори на значајни загадувања (хемиски, металуршки и слични постројки). Оштетувањата на капитални инфраструктури како што се нафтоводи, гасоводи, далноводи може да имаат исто така деструктивни ефекти врз животната средина. Иако силни земјотреси не се случуваат многу често нивниот деструктивен потенцијал е доволно предупредувачки. Оттука мора особено да се има во предвид сеизмичкиот аспект во заштитата на животната средина, со оглед на фактот што Република Македонија се смета за изразито сеизмички активно подрачје.

Според извештајот на Ј. Михајловиќ, Пелагонија сезимички била активна во периодите : 1908-1912 год. , во 1917 год., 1933 год. и последниот во 1944 година кога се регистрирани поголем број потреси. Тие биле концентрирани на изворишниот дел на Црна Река и околината на Битола.

Според секторската студија и сеизмичката карта на Македонија, поширокото подрачје на Битола во коие припаѓа и општината Новаци се наоѓа во зона од 7° сеизмичност.

Во сеизмички активните региони влијанието и последиците од силните земјотреси врз животната средина можат да бидат многу сериозни и деструктивни. Покрај разурнувањата на инфраструктурата и објектите, негативните ефекти по животната средина се појавуваат на просторите на разурнтатите објекти, пропратени со појава на пожари. Во соодветните планови за земјотресите исто како во соодветните акции после силните земјотреси, постои можност за настанување на оштетувања на системите опасни за животната средина. Овие системи може да бидат извори на значајни загадувања (хемиски, металуршки и слични постројки). Оштетувањата на капитални инфраструктури како што се нафтоводи, гасоводи, далноводи може да имаат исто така деструктивни ефекти врз животната средина. Иако силни земјотреси не се случуваат многу често нивниот деструктивен потенцијал е доволно предупредувачки. Оттука мора особено да се има во предвид сеизмичкиот аспект во заштитата на животната средина, со оглед на фактот што Република Македонија се смета за изразито сеизмички активно подрачје. Според тоа планираните објекти треба да бидат проектирани и изведени соодветно, за да бидат резистентни на максимално очекуваните потреси за оваа епицентрална зона.

## 4.1.6. НАСЕЛЕНИЕ

Населението како еден од позначајните фактори на социо-економскиот развој истовремено корисник на просторот во голем обем ги одредува големината, динамиката, правците и карактеристиките на промените во животната средина. Човечкиот фактор во процесот на урбанизација има решавачка улога односно значајни влијанија во деградацијата на животната средина и нејзината заштита.
Во тој поглед во прегледот на демографските карактеристики на планираното подачје од еколошки аспект треба да бидат земени во предвид структурните карактеристики, исто така корелацијата меѓу популацијата и расположивото земјиште, односно очекуваните промени во наредните планирани периоди.
Населението како еден од позначајните фактори на социо-економскиот развој истовремено корисник на просторот во голем обем ги одредува големината, динамиката, правците и карактеристиките на промените во животната средина. ^овечкиот фактор во процесот на урбанизација има решавачка улога односно значајни влијанија во деградацијата на животната средина и нејзината заштита.
Во тој поглед во прегледот на демографските карактеристики на планираното подачје од еколошки аспект треба да бидат земени во предвид структурните карактеристики, исто така корелацијата меѓу популацијата и расположивото земјиште, односно очекуваните промени во наредните планирани периоди.

## 4.1.7. СТОПАНСТВО

Општина Новаци условно може да се подели на рамничарски и ридско-планински и пограничен дел. Рамничарско-Пелагонискиот дел е релативно стопански развиен регион. Општина Новаци располага со извонреден потенцијал на природни богатства предуслов за развој на стопансвото. Имено во централниот дел на Општината се наоѓа најголемиот басен за јаглен - Суводол, потоа трите централи на РЕК “Битола“ во моментот постојат 8 наоѓалишта за експлоатација на минерална вода и гасови, две наоѓалишта за експлоатација на песок чакал, кварц и други неметали. На територијата на општина Новаци дел од стопанските активности ги извршува најголемиот земјоделски комбинат во Македонија- ЗК Пелагонија и вкупната аграрна површина во Општината е околу 70.000.ха од кои на на обработлива отпаѓа 23.000 ха, пасишта 30.000 ха и шуми 17.000 ха кое нешто е инзвореден предуслов за развој на земјоделието, сточарството и производството на здрава храна.

### 4.1.8. КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Во рамките на потесното подрачје, како и на самата градежна парцела не се евидентирани дека постојат остатоци од културно историско наследство. Доколку при изведувањето на земјените работи се наиде на траги од човечки активности од минатото, изведувачот и инвеститорот на објектот преку надзорниот орган се должни привремено да ги запрат градежните активности, да превземат мерки за откриените траги да не се оштетуваат и веднаш писмено да го известат Заводот за заштита на споменици на културата во општина Битола.

## 4.2. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

При стратегиската оцена на планскиот документ посебно внимание треба да се посвети на состојбата на животната средина, па со таа цел беше направен преглед и анализа на состојбата на сите елементи на животната средина, кои би биле најосетливи при реализацијата на ДУПД за изградба на погон за преработка на отпад во КО Брод - Општина Новаци.

### 4.2.1. КВАЛИТЕТ НА АМБИЕНТЕН ВОЗДУХ

Со почетокот на индустријализацијата емисијата на загадувачки материи нагло се зголеми. Како резултат на брзиот раст на индустријата и патниот сообра}ај, доаѓа до емисија на огромни количини загадувачки материи во воздухот при шшто придонесот на природните фактори како вулканските ерупции, шумските пожари и ерозијата, кон вкупните емисии се само 2%. Вака високиот степен на загадување има бројни негативни влијанија врз жживотната средина и здравјето на ччовекот.

Систематско мерење на состојбата на загаденост на воздухот во Пелагониската котлина се врши само на 3 мерни станици лоцирани на поширокиот комплекс на РЕК, кој претставува контактна зона на просторот од предметната општина.

Мерењата се однесуваат на концентрациите на чад, прашина и сулфур-двооксид како најкарактеристични загадувачи. Концентрацијата на штетните материи во воздухот во општината Новаци има изразито сезонски карактеристики, а забележан е пораст на нивната концентрација во последните години.

Близината на РЕК преку своето аеро загадување има негативно влијание како врз луѓето така и врз почвите на овој дел во Пелагонија. Посебни проблеми се јавуваат при дефекти и хаварии на електро-статичките филтри за отпепелување

и прочистување на отпадните материи кои се продукт на технолошкиот процес од РЕК

Загадувањето на амбиентниот воздух потекнува од емисијата на загадувачки супстанции при индустриското производство, од согорувањето на горивата, затоплувањето на индивидуални домови и административни објекти и од сообраќајот.

За анализа и оценка на загаденоста на воздухот, а со тоа и на квалитетот на животната средина, неопходни се статички податоци за емисиите од поедините изводи и статистички измерени податоци за концентрацијата на поедините загадувачи во воздухот на одредени карактеристични локации.

Кумулативната емисија на загадувачки материи од домашни ложишта во пелагонискиот регион е прикажаната табела бр.1:

*Табела 1: Емисија на загадувачки материи од домашни ложишта во пелагонискиот регион*

| | Загадувачка супстанција (т/ годишно) | | | |
|---|---|---|---|---|
| Домашни ложишта | *SO2* | *CO* | *NOx* | *TSP* |
| | *3,844* | *12,344* | *126* | *357* |

*Извор- Катастар на загадувачи*

Емисиите на загадувачки материи од стационите извори во РЕК Битола е даден во табела 2Ч

*Табела 2- Емисија на загадувачки материи од РЕК Битола*

| Загадувачки материи | SO2 (кг/ час) | | NOx (кг/ час) | | CO (кг/ час) | | Прашина (кг/ час) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мин. | Мак. | Мин. | Мак. | Мин. | Мак. | Мин. | Мак. |
| | 2.674,07 | 9.342,37 | 288,16 | 1.283,54 | 7,14 | 69,29 | 318,68 | 1.251,65 |

*Извор- Пополнети работни листови, Опптина Новаци*

Врз основа на извршените анализи, констатирано е дека, воздухот во општина Новаци најмногу се загадува со емисија на чад и SO2 од РЕК Битола. Индивидуалното загревање на домовите и установите, (стационарни иззвори на загадување) кои како гориво најчесто употребуваат дрва и јаглен, како и сообраќајот (мобилни извори), во помала мерка допринесуваат за загадување на воздухот.

Што се однесува до потрошувачката на горива, проценет е дека, за загревање на индивидуални ложишта, повеќе од 60% од домаќинствата користат дрва, 20% користат јаглен како гориво за греење на домовите, а останатите користат екстра лесно масло или се греат на струја.

Загадувањето на воздухот од сообраќајот е резултат на користењето на течни енергенси, при чие согорување се емитираат: азотни оксиди (NOx), сулфур диоксид ($SO_2$), јаглероден моноксид (CO), јаглероден диоксид ( $CO_2$), прашина ( SPM), алдхеиди, олово ( Pb) и органски киселини.

Нивото на емисиите на воздухот, од мобилните извори не зависи само од степенот на активност, туку постои и директна поврзаност со квалитетот на горивата што се користат, како и старосната структура на возниот парк.

Со цел да се утврди емисијата на загадувачки материи од потрошувачката на годива во сообраќајот, извршени се пресметки врз основа на : потрошувачка на бензин и дизел гориво, како и бројот на регистрирани возила во Новаци. Податоците укажуваат дека во општина Новаци има регистрирано вкупно 1140 возила, од кои 3 моторцикли, 578 патнички автомобили и 513 трактори и работни воизла. Потрошувачката на горива за 2007 година е следна : безоловен бензин 364.800 л/год. и дизел 153.800 л/год. Процечната старост на возилата е проценета на 10 години.

Во табела бр.3 , прикажани се вредности за емисии во воздухот, до мобилни извори на загадување во Новаци, пресметани според SNAP анализата при прикажаната бклупна годишна потрошувачка на гориво во однос 30% дизел и 70% бензин.

*Табела 3: Емисии во воздухот од мобилни извори на загадување*

| Параметар | Согорување на бензин (т/год) | Согорување на дизел (т/год) | Вкупно (т/ год) |
|---|---|---|---|
| SO2 | 0.36 | 0.62 | 0.98 |
| NOx | 3.40 | 1.67 | 5.08 |
| CO | 16.37 | 1.80 | 18.17 |
| CO2 | 1160.50 | 482.78 | 1643.28 |

Анализата покажува дека во згадувањето со $SO_2$ и VOC, уделот на бензин моторите е значително помал во споредба со моторите на дизел. Бензнинските мотори пак, најмногу го загадуваат воздухот со јаглерод моноксид (CO) и олово (Pb). Користењето на LPG, како пониско гориво во сообраќајот, има најмало влијаније врз емисијата на загадувачки супстанции во воздухот, што упатува на констатација дека овој енергенс е еколошки најповолен, во однос на квалитетот на водухот.

Фугитивните емисии се дефинирани како емисии кои се испуштаат во атмосферата, од извори во кои не спаѓаат димните оџаци, процесните отвори или вентилационите излези и други отвори на кои има т.н насочена или контролирана емисија на згадувачки супстанции во воздухот. Извори на фугтивни емисии можат да бидат надворешни или внатрешни погонски активности (при транспорт, манипулација, утовар, истовар и сл., отворени складишни простори, бензински станици и сл.)

Фугитивните емисии можат да бидат предизвикани и од истекувања на загадувачки супстанции во цврста, течна и гасна состојба, испарувања од одделни делови на опрема (вентилациони пумпи, фланши и др. ) . Како и да е, фугитивните емисии можат да предизвикуваат помало или поголемо нарушување на квалитетот на амбиентниот воздух.

Најзначаен извор на фугитивна емисија на територијата на општина Новаци претставуваат површинскиот коп на јаглен ,, Суводол " и депонијата за пепел на РЕК Битола. Во табела 4 е дадена проценка за емисија на CO и цврсти честички од рударските операции во рудникот ,, Суводол".

*Табела 4- Фугитивна емисија од рударските операции во рудник ,, Суводол"*

| Загадувачка супстанција (т/ год.) | |
|---|---|
| CO | TSP |
| 1,098,20 | 2,502,50 |

*Извор-Годишен извештај од обработени податоци за квалитетот на животната средина, дел за воздух, Министерство за животна срадина и просторно планирање*

Во рамките на националната мрежа, квалитетот на амбиентниот воздух во општина Новаци се следи преку мониторинг станиците поставени на територијата на општина Битола. При тоа за општина Новаци релевантни се податоците добиени од две мониторинг станици, една на УХМР и една мониторинг станица на МЖСПП ( Битола 1),

Мониторинг станицата на УХМР е лоцирана 250 м од патот на Битола- Новаци. Повеќеканалниот узоркувач на станицата е околу 3 метри над површината на земјата. Во околината има обработлива површина и стоваришта. Најблиска е фабриката за производство на сладолед и замрзнати производи ,, Цермат" , оддалечена 350 м од мониторинг станицата.

Координати на мониторинг станицата Битола на УХМР се N 41º 03.00' и E 21º22.000', надморската височина изнесува 586 м. Оваа станица се третира како индустриска, а областа како субурбана. Станицата почнала со работа во 1974 година. Параметри кои се мерат : SO2, чад, температура, притисок, влажност на воздухот, брзина и наоска на ветер.

Веднаш  зад оваа мониторинг станица се наоѓа автоматската мониторинг станица од МЖСПП- Битола 1. Координати на мониторинг станицата Битола на УХМР се  N 41º02.499’ и Е 21º21.208’, а надморската височина е 600 метри. Станицата почнала со работа во мај 2004 година. Повеќеканалниот узоркувач на станицата е околу два метри над површината на земјата. Параметри кои се мерат: SO2, NO, NO2, NOx, O 3, CO, температура, притисок, влажност на воздухот, насока и брзина на струење на ветер и вкупно зрачење.

Според досегашните сознанија РЕК Битола е најголемиот извор на полутанти во воздухот на регионот. Оваа инсталација спаѓа под Уредбата на ИСКЗ и се очекува дека операторот во нивната апликација до МЖСПП ќе ги елаборира ефектите врз животната средина од работата на термоелектраната и во оперативниот план ќе предложи мерки за намалување на емисиите на полутанти во воздухот. Усогласувањето на работата на термоелектраната според законските обврски кои произлегуваат од Законите поврзани со заштита на животната средина треба да се заврши заклучно до 2014 година.

Во табела бр.5 се прикажани податоци за присуството на полутанти во амбиентен воздух, изразени со средномесечни концентарции. Податоците се добиени од автоматската мониторинг станица на МЖСПП за квалитет на амбиентен воздух Битола-1 за 2007 година.

*Табела 5- средномесечни концентрации на полутанти во амбиентен воздух*

| Параметар | Јан. | Феб. | Март. | Апр. | Мај. | Јуни. | Јули. | Авг. | Септ. | Окт | Нов. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| SO2 (µg/m$^3$) | 33.53 | 38.54 | 21.87 | 27.84 | 16.16 | 12.35 | 14.17 | 12.72 | 14.56 | 21.84 | 23.44 | 26.26 |
| Nox(µg/m$^3$) | 33.63 | 39.37 | 15.97 | 17.83 | 16.01 | 16.26 | 14.38 | - | 19.69 | 27.66 | 34.22 | 33.81 |
| CO(µg/m$^3$) | 1.29 | 1.15 | 0.58 | 0.72 | 0.55 | 0.62 | 0.59 | 0.55 | 0.42 | 0.99 | 1.45 | 1.50 |
| O 3 (µg/m$^3$) | 55.40 | 72.09 | 80.21 | 82.24 | 87.79 | 79.61 | 82.91 | 83.74 | 66.82 | 45.81 | 41.09 | 31.62 |
| PM10 (µg/m$^3$) | - | - | - | - | - | - | - | - | 65.65 | 60.14 | 114.9 | 114.3 |

*Извор- Годишен извештај од обработени податоци за квалитетот на животната средина дел за воздух, Министерство за животна средина и просторно планирање*

Во близина на планскиот опфат не постојат стационарни извори на загадување на воздухот, освен близината на останатите регионални патишта како резултат на делумно интензивните движења на овие патни правци. Најголемото влијание на загадувањето на воздухот во општината е резултат на начинот на затоплување на домовите на локалното население, при што во најголем број случаи се користи огревно дрво или јаглен, што не е случај за овој плански опфат бидејќи се наоѓа вон населено место.

### 4.2.2. БУЧАВА

Во Општина Новаци не постојат релевантни податоци за мерења на нивоата на бучавата врз животната средина, што значи дека не постојат никакви пишани документи кои би потврдиле официјални податоци од аспект на мерење на бучава.
Доколку се земе местоположбата на планскиот зафат, може да се заклучи дека во подрачјето на овој стопански комплекс нема да се надмине нивото на бучава над доволената граница, во согласност со дозволените прагови на бучава, утврдени во Правилникот за гранични вредности на ниво на бучава во животната средина (Сл. весник на РМ, бр. 79/07). За подрачје со IV степен на заштита, како што е предметното подрачје – каде се дозволени зафати во околината, подрачје без станови, наменето за индустриски или занаетчиски или други слични производствени дејности, транспортни дејности, дејности за складирање и сервисни дејности и комунални дејности кои создаваат поголема бучава максимално дозволено ниво на бучава е до 70 dBA во тек на денот и до 60 dBA во тек на ноќта.

### 4.2.3. ВОДЕНИ РЕСУРСИ

Во општина Новаци најголемо влијание врз животната средина од аспект на загдување на водата, воздухот и почвата има РЕК Битола кој се наоѓа во непосредна близина на с.Новаци. Заради тоа се чувствуваат негативните ефекти од работата на оваа инсталација во сите можни сегменти на квалитетот на непосредната животна средина на с.Новаци и пошироко преку нарушувања и деградациите на животните ресурси. Во општина Новаци најголем индустриски објект и голем потрошувач на вода е РЕК. Отпадните води кои се генерираат во РЕК Битола се делат на

1. отпадни води од технолошкиот процес
2. комунални отпадни води

Водата од технолошкиот процес зависно од видот на загадувањето се сепарира и се третира со неутрализација или одмастување. Водата која се користи во ладилните кули не се третира бидејќи можните загадувачки материи се во граници на максимално дозволените концентрации. Третираните технолошки отпадни води и водите од ладилните кули се собираат во ретенционен базен и се користат за навлажнување на пепелта генерирана во процесот согорување, при нејзин транспорт и депонирање.

Покрај постоење на систем за третирање на отпадните води во РЕК Битола, чести се поплаките на локалното население за испуштање на замастени отпадни води во отворен канал. За надминување на овој проблем, потребна е редовна контрола на квалитетот на индустриските води, согласно интергрираната дозвола, која треба да ја издада Министерството за животна средина и просторно планирање ( Закон за животна средина).

Може да се зборува и за неконтролираната употреба на агротехничките средства и вештачки ѓубрива, при што во одредени делови на подрачјето квалитетот на почвата е значително нарушен, на што дополнително влијае и неадекватниот третман на цврстиот отпад. Исто така пестицидите и другите слични загадувачи навлегуваат и во зоните на подземните води каде што се заканува опасност од загадување на истите.

Врз квалитетот на површинските води најзначајно е влијанието на цврстиот отпад и комуналните отпадни води со оглед на фактот дека постојат бројни нелегални депонии, немање канализација, туку исфрлање на отпадните води директно во септички јами или отворени канали итн.

Главна река која ја тангира западната граница на општината Новаци е Црна Река, десна притока на Вардар, која што извира над с. Железнец на кота 760 м.н.в, а се влива во акумулацијата Тиквеш на апс. височина од 129м.

Според својата должина од 207 км, таа е втора, но според големината на сливот (5.890 км $^2$) таа е најголема притока на Вардар, има среден пад од 3 ‰.

Средна височина на сливот од 863 м. и просечен проток при вливот од 37 м$^3$/сек.

Реката Црна во Пелагонискиот дел има карактер на типична рамничарска река што се одликува со бавен тек посебно и заради нејзиното проширено корито со извршената регулација.

Притоките кои што дотекуваат од високите ободни делови на котлината, како и пороите, поради геолошкиот состав на тлото ( во главно шкрилци и епрувети) довлечкувале и довлекуваат огромен наносен материјал со што го испониле и го издигнале котлинското дно, отежнувајќи го при тоа нормалното истекување на Црна река. Успорувајќи го речниот тек во уводниот дел намалена е

транспортна снага на реката, про што е овозможено депонирање на наносниот материјал, односно издигање и продолжување на речното корито и смалување на падот.

Пороите во општината Новаци претставуваат доволно присутен водостопански проблем.Ерозијата на толото и пороите, го започнале своето разорувачко дејство по уништувањето на добар дел од шумите, со што битно се изменило како отекнувањето и режимот на водите така и водниот баланс воопшто. По сето тоа, денес големи подрачја во овој дел од сливот на Црна се оголени.

Од источниот ридски-планински дел на општината Новаци со правец кон запад ( према течението на Црна), течат неколку помали рекички. За да се спречат негативните влијанија од овие поројни рекички изграден е IX и X канал кои се главни реципиенти на дел од површинските текови од источниот дел на Пелагонија и истите во близина на Гнеотино се влеваат во Црна.

Општо земено, ерозијата на тлото, формирањето и делувањето на пороите на територијата на општина Новаци, претставувале, а делумно и денес претставуваат сериозен проблем и тоа исклучиво како последица на непланската и нерационална дејност на човекот, што мошне неповолно делуваат врз земјоделството, со уништување на дел од продуктивниот земјоделски фонд.

Со досега реализираните проекти за одводнување на Пелагонија извршени се обемни работи. Така, регулацијата на коритото на Црна е извршено на целата должина од 58 км додека регулационите зафати врз нејзините притоки се извршени на должина од 140 км. Воедно ископани се надворешни посебни канали од околу 100 км должина. При нивната изградба како и при регулацијата на водотеците изградени се едновремено и одбрамбени насипи во должина од околу 125 км.

Еден од важните проблеми при заштитата од поплави во битолскиот дел од Пелагонија во кој припаѓа и предметната општина е и редовното одржување на објектите за одводнување. Имено, во колку овие регулациони објекти не се одржуваат правилно и редовно може да дојде до девалвирање на нивната одбрамбена намена.

Најголем водотек на територијата на општина Новаци е Црна Река, а исто така значајни од аспект на воден потенцијал се и реките Градешка и Бела Река. Црна Река има вкупна должина од 207км и претставува најголема десна притока на реката Вардар. Извира од изворот Црна Дупка на н.в од 760 м. Хидролошката состојба на Црна Река се следи на Мерната станица Новаци од страна на Управата за хидрометеролошки работи на Република Македонија.

Потенцијалите на Црна Река и нејзините притоки за наводнување на обработливото земјиште не се целосно искористени. Имено, територијата на

општина Новаци не е опфатена со систем за наводнување на обработливите површини.

Покрај овие мерења, направени се мерења на квалитетот на површинските води на Црна Река во близина на с. Новаци.

Табела бр.7- Квалитет на водите во Црна Река

| Физичко-хемиска анализа | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Параметар | Мерна единица | Измерена вредност | | класа | |
| | | | Дата на мерење | | Дата на мерење | |
| | | | 25. 12. 2007 год. | | 12. 02. 2007год. | |
| 1 | Сатурација на кислород | % | 60 | 3 | 55 | 3 |
| 2 | БПК5 | Mg/l | 2.6 | 2 | 2.6 | 2 |
| 3 | ХПК | Mg/l | 22.1 | 4 | 9.6 | 1 |
| 4 | Суспендирани материи | Mg/l | 21.6 | 2 | 21.6 | 2 |
| 5 | Сув остаток на филтрирана вода | Mg/l | 161,0 | 1 | 161.0 | 1 |
| 6 | pH | Mg/l | 7.0 | 1 | 7.0 | 1 |
| 7 | Нитрити | Mg/l | 0.006 | 3 | 0.005 | 1 |
| 8 | Нитрати | Mg/l | 10.0 | 1 | 4.0 | 1 |
| 9 | Амонјак | Mg/l | 5.0 | 5 | <0.1 | 1 |
| 10 | Матност | NTU | 0.5 | 1 | 1.7 | 3 |
| 11 | Хлориди | Mg/l | 24.0 | 1 | 14.0 | 1 |
| Бактериолошка анализа | | | | | | |
| | Вкупен бр. на аеробни мезофилни бактерии | | 100.000 | 4 | 7.000 | 2 |
| | Вкупен бр. На колиформни бактерии во 1000ml на 37ºC. | | 240.000 | 4 | 240.000 | 4 |
| | Колиформни бактерии од фекално | | 240.000 | 4 | 96.000 | 3 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | потекло во 1000ml на 44ºC. | | | | | |

Според добиените резултати квалитетот на водите на Црна Река во летниот период спаѓаат во 5 класа за физичко-хемиските параметри и во 4 класа за микробиолошки параметри. Резултатите од мерењето во зимскиот период укажуваат на 3 класа на води за физичко-хемиските параметри дури и во 4 класа за микробиолошки параметри.

Населението во општина Новаци се снабдува со вода за пиење преку градскиот водоснабдителен систем на Битола, како и регионален и локални водоснабдителни системи. Должината на регионалниот систем за водоснабдување изнесува 30 км, а вклупната должина на локалните системи за водоснабдување е 70 км . Со системи за водоснабдување се покриени на д 60% од вкупниот број домаќинства во општината. Вода од градскиот водоснабдителен систем на Битола користат селата Новаци, Гермијан, Добромири, Рибарци и Гнеотино.

Месечната потрошувача на вода на домаќинствата приклучени на водовод изнесува околу 7 м³/ мес. И варира во зависност од сезоната (во летниот период е поголема,а помала во зимскиот период). Годишната потрошувачка на вода по жител во општина Новаци изнесува 26.60 м³ што претставува ниска потрошувача во споредба со други општини во Републиката.

Податокот за 40% загуби на вода во водоснабдителниот систем не отстапува од просекот на загубите во другите водоснабдителни системи, но секако треба да се превземат мерки и активности во поглед на подобрување на состојбата. Во општина Новаци е постигнат среден процент на наплата на услугите за водоснабдување од 80%, што претставува релативно висок процент на наплата споредено со другите општини.

### 4.2.4. БИОДИВЕРЗИТЕТ

Во непосредна околина на локацијата уочени се обработливи земјоделски површини и благи брдски појаси со претежно суви тревести екосистеми вообичаени и карактеристични за низинско-брдските предели.

Низинско-брдските површини содржат најголем дел автохтони видови на грмушки и дрвја и помал дел на алохтони растенија. Доминанти растителни видови се кучешкиот трн (Rosa Canina), акацијата (Robinia pseudo acacia), јасен (Fraxinus angustifolia), огнен трн (Pyracantha spp.), бреза (Betula verucosa), смрека (Juniperus), топола (Populus), платан (Platanus orientalis), капина (Rubus).

Земјоделското производство е од големо значење за Новацискиот регион. Имајќи го во предвид рамничарскиот и ридско планинскиот релјеф, со кој во голема мера се одредува карактерот на земјоделското производство во кое преовладува: сточарството (говедарство, овчарство, козарство и свињарство), живинарството (кокошки) и пчеларство, поледелството: житните култури (пченица, јачмен, рж, овес и пченка), индустриските (сончоглед, маслена репа, тутун, шекерна репа и друго), фуражните култури, (пченка силажа, луцерка, експарзета, сточен грашок, граорица, вештачки ливади и др.), нивските култури (компир, бостан, грав и друго), градинарските (домат, пиперка, кромид, зелка и др.) овоштарството (јаболко, праски, кајсии, сливи, вишни и друго), лозарството (вински и трпезни сорти), печурки, природни ливади и пасишта. Од ова може да се заклучи дека аграрот во Новацискиот регион, дава големи можности за развој на стопанството, со отварање на нови работни места, остварување на финансиски ефекти и добар стандард на населението во руралните средини.

Во најблиското опкружување на локацијата се среќаваат земјоделски обработливи земјишта на кое претежно има градинарски култури. Од индустриските најмногу се среќава тутунот (Nicotiana tabacum), од градинарските зелка (Brassica oleracea), кромид (Allium fistulosum) од трајни насади сливи (Prunus domestica), кајсии (Prunus persica), цреши (Prunus avium), вишни (Prunus cerasus) и др.

Во испитуваниот регион богато е развиена исто така и пелевелната и рудералната вегетација (ass. Geranio-Sylibetum). Најчести видови кои можат да се сретнат на локацијата од оваа рудерална вегетација се Papaver rhoeas, Rumex pulcher, Xanthium spinosum, Sambucus ebulus, Hordeum murinum, Balota nigra, Conyza canadensis и други.

На поголем дел од необработените површини лесно може да се сретнат растенија како што се: треви (Senecio vulgaris), вратика (Lolium tempoletum) Glebonis segetum, булка (Papaver rhoeas), љубичица (Viola sp), бодлика (Sircium arvense), глуварче (Teraxacum officinale), тегавец (Plantago spp), ливадска трева (Poa spp.).

Најдоминанти птици  што се присутни  во близина на планскиот опфат се див гулаб (*Columbia livia*), чавка (*Pica pica*) и врапче (*Passer montanus*). Од зимските преселници се детектирани сколовранецот (*Sturnus vulgaris balcanicus*), враната (*Corvus cornix*) и чавката (*Corvus monedula*). Можно е на подрачјето да се присутни еребица камењарка (*Alectoris graeca*) и полска еребица (*Perdix perdix*), како и степската ветрушка (*Falco naumanni*)

Во испитуваното подрачје се среќаваат и одредени видови на рбетници, претежно претставници на водоземци и влекачи. Почесто присутни видови се ридската желка (Testudo hermanni) и полската желка (Testudo graeca), кои се регистрирани според листата на IUCN глобална категорија на закана како

ранлив вид (Testudo graeca), односно блиску до вид под закана (Testudo hermanni). Во пределот на испитување нема забележано загрозени видови ниту од флора и фауна, ниту пак ендемични видови  заштитени со закон.

### 4.2.5. ПОЧВА

Рамничарските делови се воглавно со почви од III бонитетна класа, со умерено длабок солум, умерена плодност и средни приноси. Ридчестите делови на планскиот опфат се од V-VII бонитетна класа.

Терените на кои се наоѓа  Општина Новаци припаѓаат на станишта на плоскач и цер. Тие станишта во градот се наполно уништени, а во неговата непосредна околина се трансформирани во земјоделски површини и пасишта од заедницата на степски ливади. Сочуван е мал фрагмент од шума со црн бор во локалниот Шаторов камен што е на релативна одалеченост од планскиот опфат.

На предметното подрачје, земјиштето е од V бонитетна класа. Заштитата на земјоделското земјиште, како една од приоритетните определби на Просторниот план, од аспект на забрана на пренамена на земјиште со квалитет од I-ва до IV-та бонитетна класа за неземјоделски цели се регулира со Законот за земјоделско земјиште (Сл. весник на РМ, бр. 135/07). Согласно Законот за земјоделско земјиште, при зафаќање на нови земјоделски површини од I, II, III и IV-та бонитетна класа, предвидени со програмата за изработка на урбанистички планови и проекти, единиците на локалната самоуправа се должни да прибават согласност за трајна пренамена на земјиштето од министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Најзастапени почви за длабочина на фундирање до 2,0 м се чакално-песокливите почви чија носивост изнесува  до 280-300 кн/м2, а на глиновито-песокливите  до 120-200 кн/м2. За фундирање на објекти со поголеми висини од П+3 ката или сложени конструкции со поголеми распони задолжителни се посебни локални геомеханички испитувања на почвата во рамките на габаритите на објектите.

Процесот на уништување и нарушување на почвата во непосредна близина на планскиот опфат е инициран од несовесниот однос на човекот како фактор, деструктивни промени на почвениот слој заради неправилна обработка на аграрните површини, ерозија на земјиштето, систематско и стихијно уништување на шумите и соголување на земјиштата.

Општо познато е дека во се поголема мера се користат загадени води за наводнување на плодните површини, дека почвите се со поголеми промени на физичко хемиската структура поради употреба на хемикалии (агрохемиски средства). Неправилното управување со отпад како и со отпадните води е уште една од причините за промена на квалитетот на почвата.

### 4.2.6. УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Во општина Новаци започна да се работи на интегрираниот концепт за управување со различните видови на отпад, од неговото создавање па се до конечното згрижување, со основна цел да се воспостави целосен систем за управување со отпад според европските стандарди и сите законски прописи во рамките на држава кои го осигуруваат спроведувањето на овие цели. Целите за целосниот систем за управување со отпадот во најголема мера се:

- намалување на количината на отпадот кој се создава;
- намалување на количината на отпадот кој се одлага на депониите за време на примарното одвојување на корисниот отпад;
- намалување на процентот на биоразградливиот отпад од останатиот комунален отпад;
- намалување на негативното влијание на одложениот отпад врз животната средина, климата и човечкото здравје;
- управување со произведениот отпад според принципите на одржливиот развој;
- енергетско искористување на отпадот за производство на енергија.

Комуналниот отпад кој ќе се генерира од секојдневното работење е од комунален вид во најголем дел се очекува да се состои од хартија и од остатоци од храна. Отпадот се складира во контејнери, и се транспортира на локалната дива депонија. Опадната фекална вода која се проценува на 50 л/човек и се испушта во септички јами. Хартијата која се искористува во тековното работење на општината во некои населени места се собира во одредени хартиени контејнери за да се откупува како стара хартија од некоја локална фирма за рециклирање, но таквата појава е многу ретка. Атмосферската вода од кровната површина се излева директно на земјената површина заради непостоење на систем за собирање на атмосферска вода.

## 4.3. СЕГАШНИ ПРОБЛЕМИ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО И ОКОЛУ ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Со цел да се насочи планскиот развој кон реално, економски издржано и еколошко квалитетно решение во однос на карактерот и намената на просторот, системот на градби и стандарди, сообраќајот и структурата потребно е да се реализираат целите на планскиот документ. За таа цел најпрвин треба да се скенираат постоечките проблеми кои се однесуваат во и околу планскиот опфат. Во случајот таквите проблеми се однесуваат на следното:

- ***Неконтролиран урбан развој и појава на пренаселеност во општината***. Предмет и главни цели на ДУПД е да изврши изготвување на соодветна планска документација со почитување на законските прописи, стандарди и нормативи при планирањето на изградбата. Индикатор за одредување на ваквата состојба е процентот на изградени инфраструктурни објекти и бројот на издадени дозволи за секоја градежна парцела.

- ***Измена на струкурата на пределите и нивниот еколошки квалитет*** според Локалниот еколошки акционен план на општина Новаци, донесен во 2009 година. Предмет и главни цели на ДУПД е да изгради стопански објект на земјиште кое не се карактеризира со особени природни вредности.

- ***Трајна пренамена на квалитетно земјоделско земјиште*** според Локалниот еколошки акционен план на општина Новаци, донесен во 2009 година. Предмет и главни цели на ДУПД е да ги користи рационално земјоделските површини, да врши намена на површините по класи и да го утврдува бонитетот на земјиштето.

- ***Неконтролирана урбана градба и појава на дивоградби*** според Локалниот еколошки акционен план на општина Новаци, донесен во 2009 година. Предмет и главни цели на ДУПД е да изготвува планска документација со почитување на законските прописи, стандарди и нормативи.

## 5. ГЛАВНИ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

Реализацијa на вакви стопански капацитети се во функција со определбите на Просторниот план на Република Македонија, за концентрирана дисперзија на стопанските активности. Основна цел на овие иницијативи е да се овозможи рамномерен регионален развој преку поттикнување на погони за мало стопанство, како сервисни и производствени дејности, така и други стопански дејности.

Изградбата на комплексот, треба да го поттикне локалниот стопански развој, како и да обезбеди поквалитетна организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот.

Крајна цел на деталниот урбанистички план е да се врши уредување на просторот со определување на градежна парцела како и уредување и користење на просторот во парцелата. Поединечни цели на документот се:

- Придонес кон заложбите на Република Македонија за спроведување на концепцијата на просторната организација на стопанските дејности по пат на нивна дисперзија и концентрација;
- Овозможување на приватни иницијативи и поттикување на приватни инвестиции во развивање на стопанството;
- Поттикнување на развојот на стопанството, развој на сервисни и производствени дејности.

При спроведувањето на ДУПД која се врши организација и користење на просторот во рамките на планскиот опфат за стопански активности, решенијата треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, како и сообраќајно и информатичко поврзување.

# 6. СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

Ова поглавје се однесува на развојот во рамките на планскиот опфат без имплементација на изработената локална урбанистичка планска документација. Таканареченото do nothing сценарио или состојба без имплементација на планскиот документ е неизбежна опција што треба да се разгледа при секоја стратегиска оценка чија цел е да обезбеди основа со која што понатаму треба да се споредат сите бенефити или слабости од (не) имплементацијата на планскиот документ.

Состојбата без имплементација на планскиот документ подразбира иднина на подрачјето на планскиот документ без имплементација на планираните активности од планскиот документ, односно продолжување на моменталната состојба онаква каква што е сега.

Влијанијата од состојбата без имплементација на планскиот документ може да се поделат во три групи:

- **Економски влијанија**
- Отсуство на инвестиции во нови бизниси, кое што ќе резултира со слаб локален економски рзвој;
- Ограничен инфраструктурен развој на општината;
- Успорување на економскиот развој на територијата на планскиот опфат;
- Намалени буџетски приходи.
- **Социјални влијанија**
- Немање на доволно работни места и зголемување на бројот на невработени луѓе;
- Иселување на младите луѓе во други градови или надвор од Македонија поради немање работа
- **Влијанија врз животната средина**
- Задржување на првобитната состојба на животната средина, која е без посебни квалитети и ретки природни ресурси;
- Отсуство или намален одржлив развој.

## 7. ВРСКА И УСОГЛАСЕНОТ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ СО ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ

Условите за планирање на просторот се наменети за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на погон за преработка на отпад на КО Брод - Општина Новаци, се во согласност со одредбите на Просторниот план на Република Македонија кој е усвоен од Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 11 јуни, 2004 година. Просторниот план претставува највисок, стратешки, долгорочен, управувачки документ, по карактер интегрален развоен проект со чија помош се дефинира просторната организација на државата и целите и концепциите на просторниот развој на одделни области, како и условите за нивна реализација. Основна стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на интегрираност на просторот на државата и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски стандарди. Со Просторниот план на Р. Македонија, се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационално управување со просторот, спроведување на мерки за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Спроведувањето на планот подрзабира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво. Спроведувањето на планот се остварува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, како и со урбанистички планови за населените места и друга документација за планирање и уредување на просторот.

Основа за изработка на планот е стратегијата за развој и наменската употреба на земјиштето утврдено со усвоениот Просторен План на Република Македонија за 2002 до 2020 година, а ќе се изработи врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 24/08 пречистен текст) и подзаконските акти што произлегуваат од истиот.

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на унапредувањето и заштитата на животната средина. Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за

биодиверзитетот и соодветниот третман на културното богатсво согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.
ДУПД за изградба на погон за складирање и преработка на отпад - КО Брод, општина Новаци, е во согласност и со Вториот Национален Еколошки Акционен План (НЕАП), според кој покрај проблемите со квалитетот на животната средина, се утврдени и мерки за надминување на тие проблеми, односно рационално користење и уредување на просторот и зачувување на природните богатства во согласност до концептот за одржлив развој.
Урбанистичкиот план вон населено место за изградба за изградба на погон за преработка на отпад - КО Брод, општина Новаци, е во согласност и со Локалниот Еколошки Акционен План на Општина Новаци (ЛЕАП), изработен во 2009 година. Едни од главните цели на ЛЕАП-от се:

- заштита на биодиверзитетот,
- развој на стопанството,
- поголема урбанизација и
- намалување на бесправните градби.

## 8. ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирање на стопанските активности, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата вредност и значење.
Република Македонија со цел заштита на животната средина има направено голем исчекор преку донесување на низа закони и подзаконски акти, кои се во согласност со Европските Директиви и голем дел од нив се транспонирани во националното законодавство од областа на животната средина.
Во Законот за животна средина се транспонирани обрските за заштита на животна средина усогласени со ЕУ Директивите, а кои се однесуваат на (Оценка на влијанијата на проектите врз животната средина, Стратегиска оценка на влијанието на планските документи врз животната средина, (Интегрираното спречување и контрола на загадувањето), истите во голем дел се усогласени со техничките барања на ЕУ Директивите преку донесени значителен број на подзаконски акти.

При подготовката на извештајот за стратегиска оцена за детална урбаниситчка документација за изградба на погон за складирање, третман и преработка на отпад - КО Брод, Општина Новаци врз животната средина, беа земени во предвид сите важечки законски прописи и  стручна литература релевантна за оваа област. Исто така беше направена и анализа за одредување на целите на заштита на животната средина содржани во планските документи донесени на локално ниво.

## 8.1. ГЕНЕРАЛНИ ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ПРЕДМЕТНИОТ ОПФАТ

Во подготовката на извештајот земени се предвид целите на заштита на животната средина одредени на национално и меѓународно ниво, а кои се релевантни за планскиот документ.

Генералните цели за заштита на животната средина земени во предвид при подготовката на урбанистичкиот план, односно кои се очекува да се постигнат со мерките за избегнување, ублажување и/или компензација на потенцијалните влијанија предложени во овој извештај се:

- Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- Заштита на квалитетот на амбиентниот воздух, избегнување, спречување или намалување на штетни емисии во воздухот;
- Достапност до доволни количества квалитетна вода, заштита, зачувување и постојано подобрување на расположливите водни ресурси, спречување или намалување на штетни испуштања, одведувањето и третман на комуналните отпадни води, третман на отпадни индустриски води од страна на самите субјекти;
- Избегнување и намалување на создадениот отпад, негово повторно искористување, отстранување на прифатлив начин;
- Рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот;
- Рационално користење и заштита на земјоделското земјиште;
- Рационално и одржливо користење на природните ресурси;
- Користење на обновливи извори на енергија;
- Зачувување и заштита на растителниот и животинскиот биодиверзитет;
- Избегнување, спречување или намалување на бучавата.

### 8.2. ЦЕЛИ НА СОЖС

| ЦЕЛИ | ПРЕДМЕТ | СОЖС ИНДИКАТОРИ |
|---|---|---|
| **- Подобрување на квалитетот на живот на локалното население,**<br><br>**- Подобрување на здравјето на луѓето**<br><br>**- Зголемување на животниот стандард** | Сите медиуми на животната средина<br><br>Население | - Измерени вредности за емисии во медиумите на животната средина,<br>- Намалени психо-физички заболувања на населението, како резултат на нарушен квалитет на животната средина,<br>- Зголемен животен век<br>- Зголемена стапка на вработеност<br>- Намалена миграција<br>- Намален број на жители кои што живеат во сиромаштија |
| **- Подобрување на квалитетот на воздухот**<br><br>**- Намалување на емисиите на стакленичките гасови** | Квалитет на воздухот<br><br>Климатски фактори | - Концентрација на измерените вредности во границите на МДК<br>- Непроменетата состојба на квалитет на амбиентен воздух во однос на измерените концентрации на амбиентен воздух мерени во претходната постојна состојба<br>- Број на објекти кои користат алтернативните извори на енергија<br>- Број на вработени кои користат јавниот транспорт |
| **- Заштита и подобрување на квалитетот на водата и почвата** | Површински води<br><br>Подземни води<br><br>Квалитет на почва | - Квалитет според хемиски и микро-биолошки анализи на третирана отпадна вода<br>- Квалитет на подземните води во рамките на МДК<br>- Подобрена ефикасност во употреба на водата<br>- Количина на отпад кој е одложен на депонија |

| | | |
|---|---|---|
| **- Заштита и унапредување на биодиверзитетот** | Флора, фауна<br><br>Природни живеалишта | - Процент на зачувани живеалишта и видови |
| **- Соодветно управување со отпадот** | Управување со отпад<br><br>Квалитет на почва<br><br>Квалитет на површински и подземни води | - Намален процент на генериран отпад<br><br>- Зголемен процент на рециклиран и повторно употребен комунален отпад |
| **- Минимизирање на појавите на несреќи и хаварии** | Сите медиуми од животната средина | - Намален или елиминиран ризик од несреќи и хаварии |

## 9. ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Подготовката на Извештајот за стратегиска оцена на влијанијата врз животната средина ги зема во предвид влијанијата врз специфичните медиуми од животната средина од имплементација на локалната урбанистичка планска документација, во поширок обем, глобално и кумулативно; пред изградба на поединечните проекти/објекти, кои влегуваат во состав на планскиот опфат, ќе се пристапи кон подетална анализа на можните влијанија врз животната средина во конструктивна, оперативна и постоперативна фаза, согласно глава XI - Барања за изработка на Оцена на влијанието врз животната средина на одредени проекти, член 24 од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ, бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007 и 159/2008).

Врз основа на извршените анализи на веројатните влијанија при имплементација на планскиот документ утврдени се влијанијата кои позитивно се рефлектираат врз социо-економската состојба на населението, како и оние кои предизвикуваат негативни ефекти врз медиумите и областите на животната средина. Анализата подразбира разгледување на влијанијата на планскиот документ како целина и во поширок обем, од глобален, стратегиски аспект, без при тоа, да се разгледуваат поединечните проектни содржини опфатени со планскиот документ. Со имплементацијата на ДУПД за изградба на погон за складирање, третман и преработка на отпад - КО Брод, општина Новаци, се очекуваат позитивни влијанија врз социо-економскиот развој на општината и пошироко, како што е подобрување на бизнис климата, развој на комерцијални дејности, отворање на нови работни места, зголемување на доходот по глава на жител и стапката на економски раст, зголемување на нивото на животен стандард и др.

Изградбата на комплексот се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нови инвестициони вложувања.

### 9.1. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАСЕЛЕНИЕТО

Со имплементација на планскиот документ се очекуваат позитивни долгорочни влијанија врз демографскиот развој на населението од околината. Отворањето на нови работни места, зголемувањето на пазарниот потенцијал, ќе доведе до зголемување на нивото на животен стандард. Во прилог на заштитата на животата средина и човековото здравје одат и предвидените плански решенија

во смисла на: обезбедување на дрвореди и друго зеленило и богато хортикултурно уредување на комплексот и сообраќајниците.

## 9.2. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЧОВЕКОВОТО ЗДРАВЈЕ

Во текот на изградбата на поединечните деловни и инфраструктурни објекти, предвидени со овој урбанистички план, се очекуваат времени и локални влијанија во смисла на директни афектирања врз човековото здравје, како резултат на појавата на бучава, вибрации, емисии во воздухот од возилата, прашина итн. Предвидени се посебно третирање на отпадните води со изградба на пречистителна станица, како и организирано управување со отпадот. Можноста за загадување на медиумите на животната средина (почва, површински и подземни води и воздух) ќе се сведе на минимум, а со самото тоа и можноста за загрозување на човековото здравје. Нивниот интензитет и обем детално ќе биде анализиран со изработка на соодветните студии за оцена на влијнието на проектите врз животната средина и елаборатите за заштита на животната средина.

## 9.3. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ И КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

Аерозагадувањето на микро атмосферата се во функција на емисијата на токсичните материи од на возилата кои поминуваат на регионалниот пат кој поминува веднаш до планскиот опфат. Максимално дозволените количини на штетни материи според законските прописи треба да се движат до следните вредности:

| Компоненти | емис.количество МДК гр/х | емис.концентрации МДК мг/м$^3$ |
|---|---|---|
| Олово | 25.0 | 5.0 |
| Азотни оксиди | 5000.0 | 500.0-800.0 |
| Јагленоводороди | | 500.0 |
| Формалдехид | 100.0 | 20.0 |
| Цврсти честички | | 130.0 |
| Јаглен моноксид | | 650.0 |
| Јаглен диоксид ( % ) | | 2.5 |

Со имплементација на деталниот урбанистички план не се очекуваат значителни негативни влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух и

промена на климатските фактори од работата на планираните деловните субјекти - заради видот и природата на нивната основна дејност.
Зголемувањето на фреквентноста на возила во самиот комплекс, претставува потенцијална можност за нарушување на квалитетот на амбиентниот воздух. Сепак, предвидените плански решенија за сообраќајната инфраструктура со обезбедување на заштитни зелени појаси и богато хортикултурно уредување во самиот комплекс, преставуваат основа да се очекува дека тоа нема да придонесе кон значајни нарушувања на квалитетот на воздухот во поширокото подрачје или да доведе до климатски промени.

## 9.4. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА ВОДИТЕ

Во најголем дел од населените месета во општина Новаци комуналните отпадни води се испуштаат во септички јами (според пополнетите прашалници, на територијата на општина Новаци се регистрирани 1125 септички јами) или директно во отворени канали. На тој начин се врши директно загадување на подземните и површинските води. За надминување на овие проблеми потребна е изградба на канализациони системи и третман на комуналните отпадни води.
Близината на РЕК преку своето аеро загадување има негативно влијание како врз луѓето така и врз почвите на овој дел во Пелагонија. Посебни проблеми се јавуваат при дефекти и хаварии на електро-статичките филтри за отпепелување и прочистување на отпадните материи кои се продукт на технолошкиот процес од РЕК.
Планските решенија за комуналната инфраструктура и одведувањето на фекалните и атмосферски води од стопанскиот комплекс (пречистителна станица за фекални отпадни води) нема да дозволат истите неконтролирано да се испуштаат во блискиот реципиент, Црна Река.
Според тоа, не се очекуваат значителни влијанија врз површинските и подземните води доколку се спроведат насоките од законските одредби. Само неправилното управување со отпадот, може да доведе до нарушување на квалитетот на подземните и површинските води.

## 9.5. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОЧВАТА

При изработка на планскиот документ и анализите за природата и употреба на земјиштето кое се наоѓа во планскиот опфат ќе се оствари рационално користење на земјиштето преку неговата пренамена, кое ќе ефектуира со веќе споменатите бенефити. Не се очекуваат значителни негативни влијанија врз почвата како резултат на имплементација на урбанистичкот план, имајќи ги во предвид добро компонираните плански решенија за комуналната

инфраструктура од аспект на соодветно управување со отпадните води и отпадот генериран во стопанскиот комплекс.
Со ваквите решенија се дава можност, работењето на идните деловни субјекти, како и инфраструктурните објекти да се остварува нормално и со доследно спроведување на законските обврски да спречат било какво загадување на почвата во самиот комплекс и надвор од него. Индиректното негативно влијание врз квалитетот на почвата од планираните капацитети во разгледуваниот урбан блок се проценуваат како не многу значајни, со оглед на предвидените заштитни зелени зони и природата на предвидените дејности.

## 9.6. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПРЕДЕЛОТ

Планскиот опфат зафаќа предел е во најголем дел рамничарски и е без значајни особености на предел со природни и пејсажни карактеристики. Имплементацијата на Урбанистичкиот план ќе има позитивно влијание на пределот од аспект на пејзажна и функционална компонираност и ќе делува како една осмислена урбанизирана целина бидејќи покрај градежните објекти се предвидени зелени површини со хортикултурно уредување.

## 9.7. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КУЛТУРНОТО НАСЕЛЕНИЕ

На просторот кој се наоѓа во планскиот опфат не се регистрирани културни наследства, па стопанскиот комплекс нема да има никакво влијание од тој аспект.

## 9.8. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БИОДИВЕРЗИТЕТОТ

Во пределот кој се наоѓа во рамките на планскиот опфат не се евидентирани карактеристични видови од флора и фауна, ендемични и загрозени видови, како и карактеристични живеалишта.
Со реализацијата на деталниот урбанистички план се очекуваат негативни влијанија врз флората и фауната кои се наоѓаат на просторот на планскиот опфат, но истите нема да бидат значајни. Изградбата на погонот ќе има негативно влијание на птиците бидејќи тие се чуствителни при човеково присуство. Заради деградирање на живеалиштата и прекинување на ареалите на движење, се очекува раселување на дел од животинскиот свет во околниот предел со исти особености. Динамиката на ваквите влијанија ќе зависат од

динамиката на реализирање на Урбанистичкиот план. Негативните влијанија ќе бидат локални и не се очекува да бидат значителни.

## 9.9. ВЛИЈАНИЕ ПОРАДИ ЗГОЛЕМЕНА БУЧАВА

Со реализацијата на овој Урбанистички план, посебно во фазата на изградба, можни се негативни влијанија врз животната средина предизвикани од зголемена бучава, кои најверојатно би биле во пропишаните граници за емисии на бучава со оглед на фактот дека се работи за подрачје од IV степен.

## 9.10. ВЛИЈАНИЕ ПРЕДИЗВИКАНО ОД УПРАВУВАЊЕТО СО ОТПАДОТ

Цел на овој урбанистички план е изградба на погон за складирање, третман и преработка на отпад. Од тука произлегува дека потенцијални несакани емисии на различни фракции на отпад ќе се појават во фазата на изградба на погонот. За време на изградбата, самиот технолошки процес ќе се фокусира на намалување и преработка на генерираниот отпад од општина Новаци.
На предметната локација е предвидено водење на евиденција на количините на секој од посебните видови на отпад.
Активностите на складирање, третман и преработка на отпад ќе се врши во две смени, а динамиката на одведување т. е транспорт на преработениот отпад ќе се врши по потреба (зависно од собраната количина на отпадот).

# 10. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, НАМАЛУВАЊЕ И УБЛАЖУВАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

Примена и планирање на мерки за намалување на негативните влијанија врз животната средина, односно на причините кои допринесуваат планскиот документ да има негативни влијанија врз животната средина, допринесува до намалување и неутрализирање на овие влијанија.
Поради тоа, потребно е да се предложат попрецизни мерки и во студијата односно елаборатот за оцена на влијание на објектот врз животната средина.

## 10.1. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАСЕЛЕНИЕТО

Спроведувањето на планскиот документ се очекува позитивно да влијае врз демографскиот развој на населението во околината. Со изградбата на овој стопански комплекс ќе се ублажи состојбата од социоекономски аспект, поради фактот за потенцијални вработувања за време на изградбата како и за време на оперативната фаза на објектот.

## 10.2. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЧОВЕКОВОТО ЗДРАВЈЕ

Согласно планските решенија планирано е изградба на сообраќајна инфраструктура, комуналната инфраструктура, зеленило и хортикултурно уредување, третман на отпадните води со изградба на пречистителна станица, организирано управување со отпадот и сл. Сите овие мерки обезбедуваат директна и индиректна заштита на човековото здравје. Овие решенија ја намалуваат можноста за загрозување на човековото здравје. Во непосредна близина на објектот нема населени станбени куќи (диоградби), па заради тоа не е потребно да се превземат сигнификантни мерки со цел да се заштити околното население.

## 10.3. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ И КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

Мерки за намалување на влијанијата врз квалитетот на амбиентниот воздух и климатските промени  предизвикани од емисијата на издувни гасови од зголемената фреквенција на возилата, генерално се однесуваат на употребата на еколошки горива кои се приоритет на Република Македонија. На тој начин ќе се избегнат негативните влијанија предизвикани од овој начин на загадување на воздухот.

Во планските решенија донесени се решенија за формирање на заштитен зелен појас и хортикултурно уредување на комплексот, како и примена на најдобрите достапни техники за планирање и изградба на индустриски капацитети.

Исто така за намалување на влијанијата врз амбиентниот воздух и климатските промени, се препорачува примена на природниот гас во улога на енергенс и користење на алтернативни извори на енергија (пример: сончеви колектори).

Со цел да се намалат влијанијата врз квалитетот на воздухот од превозните средства препорачливо е поголема примена на велоспипеди од страна на вработените.

## 10.4. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА ВОДИТЕ

За да се намалат влијанијата врз квалитетот на водите, вградени се мерки во техничките и организациони решенија на планскиот документ како што се:

- изградба на пречистителна станица за соодветен третман на отпадните води;
- собирање и одведување на атмосферските води;

- редовна контрола на пречистената вода;
- правилно управување со отпадот;
- Потребно е да се обезбедува предтретман на отпадните води пред испуштање во реципиент, кои е потребно да бидат по квалитет еднакви на квалитетот на водата од реципиентот.

## 10.5. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОЧВАТА

Планската документација нуди препораки и решенија за управувањето со отпадните води и отпадот што претставува основен предуслов за спречување на негативните влијанија врз почвата, а индиректно и на подземните води при потенцијална инфилтрација на отпадните води.
Со доследно спроведување на законските обврски на секој деловен субјект во објектот ќе се спречи било какво загадување на почвата во самиот комплекс и надвор од него. Било каков извор на загадување на почвата се утврдува дополнително преку идејни, архитектонско-урбанистички проекти.

## 10.6. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПРЕДЕЛОТ

Во планираните активности на планската документација за изградба на стопанскиот објект, вклучени се заштитни појаси за заштита на просторот. Потребно е да се превземат следните активности:

- Озеленување на површините околу комплексот во високо и ниско зеленило, со што битно ќе се подобри микроклимата на комплексот и спречување на ерозија и намалување на евентуелно загадување.
- Уредување на неуредените површини со комбинирано зеленило и соодветни содржини.

Стопанскиот објект ќе има позитивно влијание на пределот од аспект на пејзажна и функционална компонираност со постојната сообраќајница и ќе делува како една осмислена урбанизирана целина. Сите овие активности ќе служат за зачувување и збогатување на амбиентот на просторот.

## 10.7. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Во рамките на потесното подрачје, како и на самата градежна парцела нема евиденција дека постојат остатоци од културно историско наследство (согласно податокот добиен од Заводот за заштита на споменици на културата во Новаци)

Доколку при изведувањето на земјените работи се наиде на траги од човечки активности од минатото, изведувачот и инвеститорот на објектот преку надзорниот орган се должни привремено да ги запрат градежните активности, да превземат мерки за откриените траги да не се оштетуваат и веднаш писмено да го известат Заводот за заштита на споменици на културата во Новаци.

## 10.8. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БИОДИВЕРЗИТЕТОТ

Со примена на предвидените мерки за заштита на животната средина од различни аспекти (отпадни води, бучава, почва итн) ќе произлезе спречување на потенцијални негативни влијанија врз флората и фауната. Со помош на заштитните зелени зони со висока и ниска вегетација и хортикултурно уредување на комплексот, дел од флората ќе се компензира, а со тоа ќе се ублажат негативните влијанија. Исто така, за намалување на влијанијата врз поедини видови од флората и фауната, се препорачува разгледување на мерки во постапката на оцена на влијанијата од секој поединечен проект. Доколку дополнително се утврдат влијанија врз биодиверзитетот, ќе се донесат и имплементират дополнителни мерки за заштита на одредени загрозени видови и нивните живеалишта.

## 10.9. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ПОРАДИ ЗГОЛЕМЕНА БУЧАВА

Проблемот кој се јавува заради зголемена бучава треба да се решава со заштитни зелени појаси и богати хортикултурни насади. Доколку во објектот се утврди производна намена потребно е да се применуваат технологии со намален интензитет на бучава, согласно законските одредби. Локацијата на оваа инсталација, согласно законските норми припаѓа во подрачје од четврти степен. Според одлуката за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава (Сл.весник на РМ бр. 1 од 01.01.2009), дозволеното ниво на бучава во вечерни слови во индустриски региони е до 60 ДБ, а преку ден до 70 ДБ, констатираме дека машините и уредите не предизвикуваат поголема бучава од пропишаното па затоа нема негативни влијанија врз животната средина во околината на објектот.

| Подрачје според степенот на заштита од бучава | Ниво на бучава изразена во dBA | | |
|---|---|---|---|
| | Lд | Lв | Lн |
| Подрачје од I степен | 50 | 50 | 40 |
| Подрачје од II степен | 55 | 55 | 45 |
| Подрачје од III степен | 60 | 60 | 55 |
| Подрачје од IV степен | 70 | 70 | 60 |

Како извори на бучава во рамките на инсталацијата се јавуваат:

- моторни возила со номинална вредност до 70 dBA
- машините до погонот со номинална вредност до 70dBA

Режимот на работа во инсталацијата е :

- во работните денови
- во дневните саати

Од механизацијата која ќе се користи за изведување на градежните работи, се очекува да се генерираат нивоа на бучава меѓу 80 и 90 dB (A). Градилишето, може да се разгледува како точкаст извор на емисија на бучава. Познато е дека интензитетот на бучавата од точкастите извори се намалува согласно зголемувањето на растојанието, односно со удвојување на растојанието како што е наведено во следната табела:

Интензитет на бучава, во однос на растојанието од изворот на создавање:

| **Интензитет на бучава;** | **Растојание од изворот'** |
|---|---|
| **84 dB** | **1 m** |
| **78 dB** | **2 m** |
| **72 dB** | **4 m** |
| **66 dB** | **8 m** |
| **60 dB** | **16m** |
| **54 dB** | **32 m** |
| **48 dB** | **64 m** |
| **42 dB** | **128 m** |
| **36 dB** | **256 m** |
| **30 dB** | **512m** |

## 10.10. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ПРЕДИЗВИКАНО ОД УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ

За избегнување на негативните влијанија врз животната средина поради неправилно управување со отпадот се препорачува исполнување на законските обврски за управувањето со него, како што е собирање, селектирање и превземање на истиот. Мерките се вградени во техничките и организациони решенија на планскиот документ.

Во текот на работата на инсталацијата во целост се применуваат правилата за постапување со неопасен отпад согласно законот за управување со отпад (Сл.весник на РМ 68/04) и Правилникот за општите правила за постапување со комуналниот отпад и други видови неопасни отпади (Сл.весник на РМ бр.147/07), при што се избегнува:

- загрозување на животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- загадување на водите, воздухот и почвата над пропишаните граници;
- создавање на бучава и непријатна миризба;
- уништување на природните услови за живот на животните и растенијата.

Исто така, во извршување на дејноста оваа инсталација применува :

- Намалување на отпадот во најголема можна мера;
- Собирање и селектирање на отпадот;
- Искористување на употребливите состојки од отпадот;
- Отстранување на отпадот на начин што е прифатлив за животната средина.

Секое правно лице кое работи со отпад согласно законските обврски треба:

- да вработува лица кои имаат стручна подготовка за работа со отпад;
- да ги задоволува пропишаните услови за техничко-технолошката опременост на просторот, како и опрема за складирање, обработка и одложување на отпадот;
- во однос на материјалите кои се складираат да се води сметка да не дојдат во меѓусебен контакт што би предизвикало меѓусебна контаминација.

Инсталацијата која е предмет на овој извештај за стратешка оцена ги следи законските одредби и ќе постапува согласно нив. Обврските за создавачот и за поседувачот на отпад согласно член 26, е должен отпадот:

- да го селектира;
- да го класифицира според листата на отпад;
- да ги утврдува карактеристиките на отпадот;
- да врши контрола на влијанијата на отпадот врз животната средина, животот и врз здравјето на луѓето;
- да го складира отпадот на места предвидени за таа намена;

- да го преработува отпадот, а доколку неговата преработка е технички неизводлива и економски неисплатлива, да го предаде на правното и на физичкото лице кое има дозвола за собирање и транспортирање, преработка , отстранување и/или извезување на отпадот;
- ако отпадот има една или повеќе опасни карактеристики, создавачот и/или поседувачот се должни да го класифицираат отпадот во категорија опасен отпад и да постапуваат со него како со опасен отпад.

Правните и физички лица кои ги вршат дејностите на собирање, транспортирање, складирање, тертман и преработка, отстранување и промет (увоз, извоз и транзит) на отпадот се должни да водат евиденција за:

- видот, количеството и потеклото на отпадот со кој постапуваат;
- привремено складираниот отпад, отпадот кој му е предаден на собирачот и на транспортерот на отпад;
- отпадот што е искористен или преработен од самите создавачи;
- отпадот што е предаден на други правни и физички лица кои преработуваат отпад, доколку преработувањето не е завршено од самиот создавач на отпад;
- отпадот што е наменет за отстранување;
- отпадот што се преработува или се отстранува во странство;
- за почетната и крајната дестинација на транспортирањето на отпадот и количините и видот на отпадот кој е увезен, извезен или транзитирал од/во /низ Македонија;
- Правните и физичките лица се должни, на овластеното лице за транспорт на отпад при предавањето на отпадот за транспорт да издадат идентификациони и транспортни формулари за отпадот.

Водејќи сметка за карактеристиките на отпадот кој ќе се складира, третира и преработува како и составните компоненти на предметната локација, превземени се сите мерки и активности за безбедно складирање и третман на ваков тип на отпад.

Генерираниот отпад кај оваа инсталација ќе се сведе на минимум, од проста причина што самиот отпад е главна суровина на технолошката дејност. Како отпад во оваа инсталација би се појавиле примеси на отпад кои би се окарактеризирале како опасен отпад од различна категорија или минимални количини од необработен комерцијален отпад.

Со оглед на дејноста која ја спроведува оваа инсталација, може да се каже дека отпадот претставува главна суровина за непречена активност на инсталацијата, така да е и очекувано да не се продуцираа голема количина на отпад која би била нетретирана.

## 10.11. МЕРКИ ПРЕДВИДЕНИ ЗА ЗАШТИТА ОД НЕСРЕЌИ И ХАВАРИИ

Согласно законот за животна средина ("Сл. весник" на РМ, бр. 53/05, 81/05 24/07, 159/08, 83/09, 48/10 и 124/10) и Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина ("Сл,весник" на РМ, бр. 74/05), треба да се утврди потреба за спроведување на постапка за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанието на животната средина, во согласност со критериумите утврдени во членовите 54-, 6, 7 и 8 од оваа Уредба, ја донесува органот за работите од областа на животната средина.

Согласно законот за животна средина ("Сл. весник" на РМ, бр. 53/05, 81/05 24/07, 159/08, 83/09, 48/10 и 124/10) и Законот за заштита на природата ("Сл. весник" на РМ, бр. 67/04, 14/06, 84/07 и 35/10), правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието на животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведување на проектот.

Настанатите општествено-политички и економски промени во периодот после 1990 година ја наметна потребата за измена во областа на одбраната и засолнувањето. Донесени се нови законски и подзаконски акти, со кои начелно се регулира засолнишната проблематика во Република Македонија, а тоа се:

- Законот за одбрана (Сл.в. на РМ бр: 42/2001)
- Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр: 36/2004, 49/04 и 86/2008)
- Законот за управување со кризи (Сл. весник на РМ бр: 29/2005год.)
- Уредба за начинот на изградбата одржувањето и користењето на засолништата и др. заштитни објекти и определувањето на потребниот број засолнишни места (Сл. весник на РМ бр. 80/2005год.)
- Уредба за спроведување на засолништето (Сл. весник на РМ бр: 93/2005год.)
- Уредба за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање и уредување на просторот во населбите и проектите и при изградба на проектите, како и учество на технички прегледи (Сл. весник на РМ бр. 105/2005 год.)
- Одлука за утврдување на загрозени зони (Сл. весник на РМ бр: 105/2005год.)

За заштита од воени разузнавања ќе се применуваат мерки согласно претходно наведените закони и уредби. Согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 86/08 чл. 64 и 105/05 чл. 6 и 7), РМ има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти, што ќе ги утврди Дирекцијата, врз основа на геолошко-хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитеот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање и уредување на просторот во населбите и проектите и при изградба на проектите, како и учество на технички прегледи (Сл. весник на РМ бр: 105/2005 год.), уште во процесот на просторно и урбанистичко планирање и проектирање се води сметка за заштита од пожари, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случаи на појава на пожар. При планирањето треба да се води сметка за:

- Пожарна точка која подразбира голема концетрација на лесно запаливи материи
- Пожарно оптоварување која ги подразбира сите запаливи материи кои се наоѓаат на одредено земјиште. Потребно е да се планира според најмалото пожарно оптоваруање од 25 кгр. на 1 м2 бруто развиена површина.
- -Противпожарни прегради кои преставуваат поголеми неизградени површини, зелени парковски површини и пошироките сообраќајници.

Сообраќајното решение и начинот на градба на објектите треба да овозможи пристап на противпожарно возило од повеќе страни. Улиците да се доволно широки што овозможува непречено и брзо движење на возила. Водоводната мрежа со надземните противпожарни хидранти ќе претставува основа за снабдување на противпожарните возила со вода при гаснењето на пожарите.

Во Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник" на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12) во член 4, став 2 се вели: "Со просторното и урбанистичко планирање се предвидуваат мерки за заштита и унапредување на животната средина природата, заштита од воени разузнавања, од природни и технолошки непогоди".

Настанатите општествено-политички и економски промени во периодот после 1990 година ја наметна потребата за измена во областа на одбраната и засолнувањето. Донесени се нови законски и подзаконски акти, со кои начелно се регулира засолнишната проблематика во Република Македонија, а тоа се:

- Законот за одбрана  (Сл. весник на РМ бр. 42/01год.)
- Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04 и 86/08)
- Законот за управување со кризи (Сл. весник на РМ бр. 29/05год.)
- Уредба за начинот на изградбата одржувањето и користењето на засолништата и др. заштитни објекти и определувањето на потребниот број засолнишни места (Сл. весник на РМ бр: 80/05год.)
- Уредба за спроведување на засолништето (Сл. весник на РМ бр: 93/05год.)
- Уредба за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање и уредување на просторот во населбите и проектите и при изградба на проектите, како и учество на технички прегледи (Сл. весник на РМ бр. 105/05 год.)
- Одлука за утврдување на загрозени зони (Сл. весник на РМ бр. 105/05год.)
- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр: 63/12 и 126/12).

За заштита од воени разузнавања ќе се применуваат мерки согласно претходно наведените закони и уредби. По однос на заштита од природни непогоди, објектите треба да се изградат согласно важечките технички прописи од соодветните области. По однос на технолошките непогоди, треба да бидат превземени сите мерки за заштита со изработката на проектите и промените на соодветната технологија. Исто така во секој објект согласно технологијата и капацитетот потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита. Планирањето во оваа област значи обезбедување  на неопходните сообраќајни врски и функционирањетпо на комуналната  инфраструктура, со цел итно згрижување на на загрозените луѓе и животни. Во функција на уредувањето на просторот задолжително се  обезбедува следното:

-Изградба  на објекти отпорни на сеизмички дејства

-Регулирање на водотеци

-Оневозможување на противпожарни пречки

-Изградба на објекти за заштита

-Изградба  на потребна инфраструктура

Заштита од пожар во урбанистичките планови е во контекст на чл.78 од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04) и Законот за пожарникарство (Сл. весник на РМ бр. 67/04).

Согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр: 105/05), уште во процесот на просторно и урбанистичко планирање и проектирање се води сметка за заштита од

пожари, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случаи на појава на пожар.

Согласно горе изнесеното потребно е да се изработат Плански мерки за заштита од пожар.

Сообраќајното решение и начинот на кој е предвидена изградбата на градбите овзможува пристап на противпожарно возило од повеќе страни. Сообраќајниците се со доволна ширина и со задоволувачки осовински притисок што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила.

Во Планскиот опфат е обезбедена водоводна мрежа со задоволителен профил (Ф100мм) и капацитет од аспект на противпожарните потреби. Со овој ЛУПД се планира приклучок на планираните градби кон бунар со хидрофор.

За противпожарна надворешна мрежа, потребно е 10 л/сек. со истовремена употреба на два соседни хидранти. Минимално, профилот на цевките треба да е Ф75, но бидејќи се работи за повеќе хидранти усвоен е минимален профил Ф100 мм, што е запазено при проектирањето на основната водоводна мрежа.

Максималното растојание помеѓу хидрантите е 80 м на растојание 5-8 м од објектот а притисокот треба да изнесува минимум  5 бари.

Планскиот опфат е наменет за изградба на инфраструктурен комплекс (некомпактибилна инфраструктура), класа на намена Е3.

Очекувано пожарно оптеретување е 500 – 1000 MJ, односно оптеретувањето е ниско и појавениот пожар тешко може да се пренеси во непосредната околина.

Сообраќајните коридори одговараат во целост за манипулирање со противпожарно возило. Во градежната парцела створени се услови за пристап на противпожарно возило со ширина на интерните сообраќајници од 5,5 до 6,0м. Носивоста на коловозот треба да биде 10 т.Растојанието меѓу градежните линии , заедно со ширината од сообраќајницата, формира противпожарни коридори.

Почитувајќи го нормативот за процент на изграденост на парцелата и коефициент на искористеност, противпожарните коридори ја имаат потребната ширина, односно од 1/3 од висина на објектите од двете страни и ширина на сообраќајницата.

Од тоа произлегува дека пренесувањето на пожарот преку внатрешните сообраќајници е отежнато, но при подолго траење истиот може да се пренесе. Затоа при дефинирањето на габаритите од надлежните служби треба да се применуваат предложените урбанистички параметри.

Од сите предходни анализи, произлегува дека градбите треба да се градат од огноотпорни материјали, со отпорност на конструктивните елементи согласно дадените нормативи.

Во планските мерки спаѓа и делувањето на противпожарни единици, што ќе биде во согласност со актите од Општина Битола.

Во Битола на околу 20 км. од оваа локација се наоѓа противпожарна единица, која е опремена со противпожарни возила и обучени лица за дествување во случај на пожар. Времето кое е потребно за пристигнување на противпожарното возило е 20-30 мин.

За кокретната дејност на инфраструктурниот објект ќе биде изготвен Елаборат за заштита на животната средина кој треба да биде одобрен од надлежната служба при општина Новаци.

Понатаму ќе се разработуваат детално мерките за заштита, програмата и мрежата за мониторинг на животната средина, во документите од пониско планско ниво, согласно законската регулатива што ги определува правата и должностите на правните и физички лица при вршењето на дејноста, од областа на заштитата на животната средина, согласно Законот за животната средина ("Сл. весник" на РМ, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10 и 124/10), Законот за заштита на природата ("Сл. весник" на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07 и 35/10) и сл.

Применувајќи го Правилникот за стандарди и нормативи од аспект на процент на изграденост, коефициент на искористеност и максимална површина, се створени услови за оптимална инсолација и аерација, а со тоа се створени похумани услови за работа.

Со планот се дадени соодветни решенија за комуналната инфраструктура со чија реализиција нема да се наруши здравата животна средина.

Особено внимание при заштита на природата треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со некомпактабилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Оптимална заштита на произаодните природни потенцијали и унапредување на природните блага;
- Зачувување на доминантните карактеристики на постојната сосгојба;
- Рационална нзградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Оптимална изградба на рекреативната инфраструктура;
- Правилен избор на соодветна локација.

Според Законот за заштита на природата (Сл. весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07 и 35/10) и Законот за животна средина (Сп. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10 и 124/10) потребно е внесување на мерки за

заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот кои треба строго да се почитуваат.

На просторот предвиден за изработка на ЛУПД, нема регистрирано или евидентирано видливо природно наследство.

Доколку при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство;

- Утврдување на границите и означунање на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природно вредности а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна изработка со соодветни институтции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата (Сл. весник на РМ бр. 67/04, бр. 14/06, бр. 84/07 и бр.35/10).

Според Законот за заштита и спасување ("Сл. весник" на РМ, бр. Законот за заштита и спасување ("Сл. весник" на РМ, бр. 36/04, 49/04 и 86/08), инвеститорите на деловни објекти се ослободени од предходно пропишаната обврска за изградба на засолништа за дополнителна заштита.

Развојот на светската култура и цивилизација од праисторијата до денес. на територија на Република Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности, кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ низ векови на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија за економски, општествен и просторен развој, односно стратегијата за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл. 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни актнвности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл. 129 од Законот.

Дека нема видливо културно наследство побарано е добиено мислење од Заводот за заштита на споменици на културата и музеј - Битола бр. 08-82/2 од 28.02.2013г.).

За случајни откритија, постојат обврски на наоѓачот, според член 65, од Законот за заштита на културното наследство ("Сл. весник" на РМ бр. 20/2004 год), кој гласи:

1. Ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен:
   - Да го пријави откритието во смисла на членот 129 став (2) на овој закон;
   - Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
   - Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.
2. По исклучок од ставот (1) на овој член, ако предметите се ископани, односно извадени заради нивна подобра заштита или со оглед на околностите, изведувачот на работите е должен:
   - Да ги предаде откриените предмети при нивното пријавување или тоа да го направи при идентификацијата во смисла на членот 66 на овој закон, а до предавањето да превземе мерки кои се нужни за да не пропаднат и да не се оштетат или да се оттуѓат и
   - Да ги даде сите релевантни податоци во врска со местото и положбата на предметите во времето на откривањето и за околностите под кои тоа е направено.

Под други катастрофи се однесува на земјотреси и воени разурнувања кои се тесно поврзани со појавување на пожар. За земјотресите заштитата е по пат на примена на технички прописи за асеизмичка градба. За мерките за заштита од воени разурнувања се изработува посебен анекс, ако има потреба, кој би бил во согласност со прописите за засолнување, на начин што ќе го дефинира Локалната самоуправа.

# 11. АНАЛИЗА НА ОЧЕКУВАНИТЕ ВЛИЈАНИЈА ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

| 11. АНАЛИЗА НА ОЧЕКУВАНИТЕ ВЛИЈАНИЈА ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Фактор** | **Директни влијанија** | **Индиректни влијанија** | **Кумулативни влијанија** | **Ефект** | **Времетраење** | **Мерки за ублажување на влијанијата** |
| НАСЕЛЕНИЕ | **Фаза на изградба**<br>Влијанија врз здравјето на луѓето:<br>- зголемено ниво на бучава и вибрации,<br>- загадување на воздухот од издувни гасови од транспортните средства и честички на прашина од градежните активности | Нема | Изведба на поединечни проекти во стопанскиот комлекс | Незначителни негативни влијанија | Краткорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација |
| | **Оперативна фаза**<br>- креирање на нови работни места<br>- подобрен животен стандард<br>- подобрена социо-економска состојба<br>- намалена миграција на населението | Нема | Нема | Позитивни влијанија | Догорочни | - примена на мерките кои ќе бидат утврдени при изработка на елаборатот |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| БИОДИВЕРЗИТЕТ | **Фаза на изградба**<br>- нарушување и уништување на природните живеалишта на видовите на флора и фауна<br>- вознемирување и раселување на одредени видовите на фауна (птици, и др) | Нема | Можни се и различни се за секој поединечен проект | Незначителни негативни влијанија | Догорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br><br>- примена на мерките кои ќе бидат утврдени при изработка на елаборатот |
| | **Оперативна фаза**<br>- вознемирување и раселување на видовите на фауна (птици, и др) | Нема | Можни се и различни се за секој поединечен проект | Незначителни негативни влијанија | Догорочни | |
| ВОЗДУХ | **Фаза на изградба**<br>Нарушување на квалитетот на воздухот:<br>- издувни гасови од транспортните средства<br>- честички на прашина од градежните активности | Нема | Нема | Незначителни негативни влијанија | Краткорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br><br>- примена на мерките кои ќе бидат утврдени при изработка на елаборатот |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Оперативна фаза**<br>- издувни гасови од транспортните средства<br>- издувни гасови од производствениот процес | Нема | Нема | Незначител ни негативни влијанија | Долгорочни | - примена на јавен транспорт за вработените<br>- користење на еколошки горива<br>- контрола на испуштање на издувни гасови од технолошкиот процес<br>- користење на природен гас<br>- зелени заштитни појаси |
| ВОДА | **Фаза на изградба**<br>Загадување при неправилно ракување и неконтролирано испуштање на масла, горива и цврст отпад | Нема | Нема | негативни влијанија кои ќе бидат подетално утврдени при изведбата на проектот | Краткорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br><br>- примена на мерките кои ќе бидат утврдени при изработка на елаборатот |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Оперативна фаза**<br>- неправилно ракување и неконтролирано испуштање на масла, горива и цврст отпад<br>- неконтролирано испштање на води од технолошкиот процес | Нема | Нема | негативни влијанија кои ќе бидат подетално утврдени при изведбата на проектот | Краткорочни | - изградба на канализациски систем<br>- претретман на отпадните води поред да се испуштат во реципиентот<br>- контрола на квалитетот на отпадни води пред да се испуштат во реципиенот<br>- изградба на пречистителна станица |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ПОЧВА | **Фаза на изградба**<br>- нарушување на квалитетот на почвата при неправилно ракување и одлагање на цврст отпад (градежен шут) | Нема | Нема | негативни влијанија кои ќе бидат подетално утврдени при изведбата на проектот | Долгорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br><br>- примена на мерките кои ќе бидат утврдени при изработка на елаборатот |
| | **Оперативна фаза**<br>- нарушување на квалитетот на почвата при неправилно ракување и одлагање на отпадни масла и други отпадни материи,<br>- нарушување на квалитетот на почвата при неправилно ракување и одлагање на цврст отпад (индустриски) | Нема | Нема | Незначителни негативни влијанија | Долгорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br><br>- примена на мерките кои ќе бидат утврдени при изработка на елаборатот |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| БУЧАВА | **Фаза на изградба**<br>Зголемено ниво на бучава од:<br>- изведба на градежни работи<br>- транспортни средства | Нема | Нема | Незначителни негативни влијанија | Краткорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br><br>- примена на мерките кои ќе бидат утврдени при изработка на елаборатот |
| | **Оперативна фаза**<br>Зголемено ниво на бучава од:<br>- транспортни средства<br>**-** индустриски објекти | Нема | Нема | Незначителни негативни влијанија | Долгорочни | - поставување на заштитни зелени појаси |
| ВИБРАЦИИ | **Фаза на изградба**<br>Зголемено ниво на вибрации се очекува од градежната механизација | Нема | Нема | Незначителни негативни влијанија | Краткорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација |
| | **Оперативна фаза**<br>Не се очекува појава на вибрации | Нема | Нема | Нема | Нема | Нема |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ОТПАД | **Фаза на изградба**<br>Зголемено количество на цврст отпад (инертен) при изведување на градежните работи | Нема | Нема | Негативни влијанија кои ќе бидат дефинирани | Краткорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br><br>- примена на мерките кои ќе бидат утврдени при изработка на елаборатот |
| | **Оперативна фаза**<br>Не се очекуваат<br>Развиен систем за управување со отпад | Нема | Нема | Нема | Нема | Примена на ефикасен систем на управување со отпад |
| КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО | **Фаза на изградба**<br>Не е евидентирано во близина на објектот<br>Не се очекуваат влијанија | Нема | Нема | Не се очекуваат влијанија | Нема | примена на мерките предвидени во планската документација доколку се наиде на археолошки наоѓалишта |
| | **Оперативна фаза**<br>Не се очекуваат влијанија | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ПРЕДЕЛ | **Фаза на изградба**<br>Нарушување на естетските вредности на подрачјето | Нема | Нема | Незначителни негативни влијанија | Краткорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br><br>- примена на мерките кои ќе бидат утврдени при изработка на елаборатот |
| | **Оперативна фаза**<br>Не се очекуваат влијанија | | | Позитивни влијанија | Долгорочни | - заштитни појаси<br>- адекватно уредување на просторот<br>- унапредување на естетските вредности<br>- зачувување на пределските карактеристики<br>- рационално користење на природните ресурси |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ХАВАРИИ И НЕСРЕЌИ** | **Фаза на изградба**<br>Негативни влијанија врз сите медиуми и области на животната средина<br>**Оперативна фаза**<br>Не може да се предвидат | Не може да се предвидат | Не може да се предвидат | Не може да се предвидат | Не може да се предвидат | - примена на мерките предвидени во планската документација<br><br>- примена на мерките кои ќе бидат утврдени при изработка на елаборатот |

## 12. АЛТЕРНАТИВИ

Анализата на алтернативи со цел избор на најповолно решение/локација за реализација на планскиот документ од аспект на заштита на животната средина, како и од аспект на економска оправданост, потребно е да се вклучи уште во самото планирање, односно донесување на локалната урбанистичка планска документација.

При изработката на урбанистички план за погон за складирање, третман и преработка на отпад - КО Брод, општина Новаци, анализирани се алтернативи за просторната дистрибуција на комплексот. Притоа земени се предвид факторите како што се:

- Достапната инфраструктура (сообраќаен пристап, напојување со електрична енергија, можности за користење на локални изворници за водоснабдување, реципиент за одведување на отпадни води и слично);
- Сопственост на земјиштето и геодетски подлоги со цел издвојување на катастарските парцели;
- Геолошките и хидрогеолошките карактеристики, со цел да се избегнат зони во кои се застапени водопропустливи седименти;
- Постоење на земјиште со пониска катастарска класа и негова пренамена во градежно земјиште и на тој начин ќе се овозможи одржлив развој на општината.

Покрај алтернативните локации и просторната дистрибуција на стопанскиот комплекс, како можни алтернативи разгледувани се различни намени на земјиштето во рамките на комплексот. Притоа утврдени се комплементарни намени и предвидено е дека во комплексот ќе се гради содржини со намена Е3 и Д2.

Разгледуваните алтернативи се однесуваат и на избор на најповолни коефициенти на изграденост во рамките на урбаните модули. Со утврдените коефициенти на искористеност на земјиштето ќе се овозможи да се применува зелена површина во голем обем.

Во фазата на архитектонскиот проект, идејниот и изведбениот проект, преку изработка на елаборат за заштита на животната средина, ќе се разгледуваат алтернативни методи на соодветен третман на отпадните води и евентуална употреба на обновливи извори на енергија.

## 13. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ

Стратегиската оцена на животната средина вклучува мерки за мониторинг на сите значителни идентификувани позитивни и негативни ефекти, кои би настанале од реализацијата на локалната урбанистичка планска документација.

Планот за мониторинг на животната средина дава можност за системско набљудување, испитување и оценување на загадувањето и состојбата на медиумите и областите на животната средина во целина како и идентификација и регистрирање на изворите на загадување на одделните медиуми и областите на животната средина се:

- Да се обезбедат податоци за понатамошно следење на состојбите во животната средина;
- Да се има поголем увид во промените на животната средина на предметните локации;
- Да се потврди дека договорените услови при одобрување на планската документација се соодветно спроведени;
- Да се потврди дека влијанијата се во рамките на предвидените или дозволените гранични вредности;
- Следење на состојбата во животната средина со цел навремено согледување на непредвидените влијанија одимплементацијата на планската документација и управување со истите;
- Да се потврди дека со примена на мерките за ублажување се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина;
- Утврдување кои активности треба да бидат превземени за редуцирање на влијанија врз животната средина

Со цел да се изврши мониторинг на ефикасноста на планскиот документ, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој со што ќе се потврдат целите на Планот. За следење на индикаторите потребно е да се земат во предвид и податоците за тековната состојба на животната средина.

Со следење на состојбата на животната средина ќе се потврди оправданоста и примената на предложените мерки за ублажување и нивната функционалност, што се претставува голема придобивка во однос на заштитата на животната средина.

Следењето на состојбата на медиумите ќе се реализира со дефинирани параметри за следење на секој медиум и со дефинирана фрекфенција за секоја активност поединечно. Видот и фрекфенцијата на мониторинг ќе

бидат предложени во ИСКЗ барањата, студиите за оцена на влијанијата врз животната средина од секој проект посебно.

Правилната имплементација на локалната урбанистичка планска документација, примената на предложените мерки за ублажување на влијанијата и нивната функционалност, оправданоста на целите на Планот и на стратегиската оцена на животната средина ќе се потврдат преку следење на индикаторите наведени во табелата што следи.

| ЦЕЛИ | ПРЕДМЕТ | МОНИТОРИНГ | СОЖС ИНДИКАТОРИ | ИЗВОРИ НА ВЕРИФИКАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| - Подобрување на квалитетот на живот на локалното население,<br><br>- Подобрување на здравјето на луѓето и<br><br>- Зголемување на животниот стандард | Сите медиуми на животната средина<br><br>Население | - Мониторинг на медиумите во животната средина<br><br>- Следење на состојбата на здравјето на населението<br><br>- Следење на стапката на вработеност<br><br>- Следење на приходите на вработените во комплексот | - Измерени вредности за емисии во медиумите на животната средина,<br>- Намалени психо-физички заболувања на населението, како резултат на нарушен квалитет на животната средина,<br>- Зголемена стапка на вработеност<br>- Намалена миграција<br>- Намален број на невработени | - Редовни извештаи за мониторинг од МЖСПП или акредитирана институција<br><br>- Извештаи од Министерство за здравство,<br><br>- Финансиски извештаи,<br><br>- Статистички извештаи,<br><br>- Локална самоуправа, |
| - Подобрување на квалитетот на воздухот<br><br>- Намалување на емисиите на стакленичките гасови | Квалитет на воздухот<br><br>Климатски фактори | - Мониторинг на амбиентен воздух и квалитет на воздух од испуст на инсталациите | - Концентрација на измерените вредности во границите на МДК<br>- Непроменетата состојба на квалитет на амбиентен воздух во однос на измерените концентрации на | - Редовни извештаи од мониторинг на МЖСПП или акредитирана институција<br><br>- Катастар на загадувачи при МЖСПП |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | амбиентен воздух мерени во претходната постојна состојба<br>- Користење алтернативните извори на енергија<br>- Број на вработени кои користат јавниот транспорт | - Редовни извештаи од Заводот за јавно здравје<br><br>- Статистички извештаи |
| - Заштита и подобрување на квалитетот на водата и почвата | Површински води<br><br>Подземни води<br><br><br>Квалитет на почва | -Мониторинг на квалитетот на третираните отпадни атмосферски, индустриски и комунални води | - Квалитет според микро-биолошки анализи на третирана отпадна вода<br>- Квалитет на подземните води во рамките на МДК<br>- Подобрена ефикасност во употреба на водата<br>- Постројка за предтретман на отпадни води<br>- Количина на отпад кој е одложен на депонија | - Редовни извештаи од мониторинг на МЖСПП или акредитирана институција<br><br>- Катастар на загадувачи при МЖСПП<br><br>- Редовни извештаи од Заводот за јавно здравје<br><br>- Статистички извештаи<br><br>- Редовни извештаи од Министерство за здравство |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Заштита и унапредување на биодиверзитетот | Флора, фауна<br><br>Природни живеалишта | - Мониторинг врз квалитетот живеалиштата и популациите на карактеристичните видови на флора и фауна | - Процент на зачувани живеалишта/видови | - Извештаи од МЖСПП |
| - Соодветно управување со отпадот | Управување со отпад<br><br>Квалитет на почва<br><br>Квалитет на површински и подземни води | -Мониторинг врз управувањето со отпадот | - Намален процент на генериран отпад<br>- Зголемен процент на рециклиран и повторно употребен комунален отпад | - Редовни извештаи од мониторинг на МЖСПП<br>- Катастар на загадувачи при МЖСПП<br>- Извештаи од локалната самоуправа<br>- Редовни извештаи од јавното комунално петпријатие |
| - Минимизирање на појавите на несреќи и хаварии | Сите медиуми од животната средина | Степен на имплементација на препораките за заштита од несреќи и хаварии | - Намален или елиминиран ризик од несреќи и хаварии | Извештај за релизација на планска документација |

## 14. НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ

Конкретни цели на планскиот документ се следните:

- Подобрување на социо-економскиот развој на одреден број семејства од Општина Новаци, преку оптимално искористување на ресурсите и зголемена динамика на економскиот развој, согласно со современите принципи на пазарното стопанство;
- Подобрување на нивото на економската и социјалната сигурност со непосредно влијание врз зголемување на мотивираноста на населението и искажување на траен интерес за опстанок во матичната средина, целосна афирмација на сите аспекти на живеење и стопанисување во руралната средина и создавање неопходна и социјална сигурност;
- Зголемено ниво на функционална и комунална опременост и планско уредување на просторот, подобрување на локалната сообраќајна инфраструктура и ефикасна комуникациска поврзаност со центрите од повисоко ниво;
- Зачувување и унапредување на природните вредности и еколошки атрибути на просторот и афирмирање на културолошките особености и вредности;

За овој простор постојат податоци во вид на Услови за планирање на просторот како Извод од Просторниот План на Република Македонија, според кои е изработен урбанистички план за погон за складирање, третман и преработка на отпад - КО Брод, општина Новаци. Во рамки на насоките за изработка на планови од пониско ниво, кои ги дава Просторниот План, за стопански комплекси од ваков тип треба да се почитува:

- Избор и распоред на стопанските активности согласно со природните услови, расположивата работна сила и постојаните стопански капацитети;
- Создавање можности за отварање на нови работни места со да се задржи постојаното население и да се намалат миграциите;
- Обезбедување на спроведување на постојаните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој, а особено во однос на:
    - *Бесправната градба;*
    - *Стопанисувањето со шумите, земјоделското земјиште, водите и друго;*
    - *Заштита на создаденото и природното богатство;*

- *Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштита на животната средина.*

Планскиот опфат зафаќа површина од 1,6183ха и истиот го дефинираат следните граници:

- Од Исток граничи со КП бр. 2215/1 и 2870,
- Од Југ граничи со КП бр. 2215/3, 2277 и 2778
- Од Запад граничи со К.П. бр. 2215/5,
- Од Север граничи со пристапен пат покрај Црна Река

Локалитетот е на надморска висина 575.80 до 577.40м.

Локацијата на која се планира поставувањето на инфраструктурен комплекс со намена Е3 -рециклажа, третман и складирање на отпад е во согласност со Просторниот план и Условите за планирање изработени од страна на Агенцијата за планирање на просторот, а при планирањето се користени податоците од Елаборатот за услови за планирање на просторот.

Условите за планирање на просторот за изградба на инфраструктурен комплекс со намена Е3 -рециклажа, третман и складирање на отпад на дел од КП бр. 2215/2, К.О. Брод, Општина Новаци, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирање на просторот.

Согласно одредбите на Просторниот План на Р. Македонија за рационално користење и заштита на просторот, идниот развој и разместеност на производните дејности на овој простор треба да се базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната средина.

Извештајот за стратегиска оцена ги разгледува основните податоци за животната средина во и околу предметното подрачје, а тие се однесуваат на:

- географската положба на предметната локација која се наоѓа на катастарската парцела 2215/2, во К.О. Брод, во Општина Новаци
- релјефните услови, наклон и експозиција на терените;
- сеизмичките карактеристики, кои укажуваат на тоа дека територијата на општина Новаци, припаѓа на простор кој е подложен на чести земјотреси предизвикани од локални и поодалечени епицентрални

жаришта, кои може да се манифестираат со епицентрален интензитет од VII според МКС скала;

- Климатските услови на регионот со климатски елементи од умерено-континетална клима;
- Квалитетот на воздухот како еден од главните медиуми и фактори за квалитетно живеење во животната средина;
- Културното наследство не е евидентирано во близина на предметната локација;
- Состојбата со биодиверзитетот (флора и фауна) на планскиот опфат, каде што нема евидентирани карактеристични загрозени и ендемични видови;
- Пределските карактеристики на предметното подрачје;
- Демографските карактеристики во Општина Новаци од аспект на вкупното население, наталитетот и морталитетот, како и стапката на невработеност;
- Воените разурнувања, природните и техничко-технолошките катастрофи се земени во предвид и анализирани во овој извештај;

Во изработката на овој извештај беше разгледан и стопанскиот развој кој според Просторниот План на Република Македонија се базира на дефинираните цели на економскиот развој во „Националната Стратегија за економскиот развој“, определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот и поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на стопанството. Според тоа, реализацијата на урбанистичкиот план за погон за складирање, третман, преработка на отпад - КО Брод, Општина Новаци се очекува да предизвика поволни влијанија врз животниот стандард и квалитетот на живеење на луѓето, како и да даде допринос кон развојот на локалната и националната економија.

Користењето на земјиштето се разгледува како една од основите цели на Просторниот План на Република Македонија и се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, искористувањето на погодностите за производство и лоцирање на преработката на простори врзани со местото на одгледување или искористување. Меѓу приоритетните определби на Просторниот План е заштита на земјоделското земјиште, а особено ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитена класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Локацијата предвидена за изградба на стопански комплекс, е земјоделско земјиште, катастарска култура нива од V бонитетna класа.

При реализацијата на урбанистичкиот план за погон за складирање, третман и преработка на отпад - КО Брод, Општина Новаци се земени во обзир бонитетната класа и досегашната намена наземјиштето и ќе се изврши соодветна трансформација во насока на одржлива пренамена на земјиштето.

Во извештајот за стратегиска оцена на животната средина потребно е да се разгледаат и релевантните аспекти на моменталната состојба на животната средина и што највројатно би се случило доколку не дојде до имплементација на планскиот документ/најверојатната еволуција без имплементција на стратегијата, планот или програмата. Во анализираниот случај, состојбата без имплементација на планскиот документ е оценета како непогодно решение за одржливиот развој на Општина Новаци.

Посебно внимение во извештајот се посветува на описот на веројатните влијанија на планскиот документ врз медиумите и областите на животната средина и врз социо-економските и демографските карактеристики, а исто така се предвидени и мерки за спречување, ублажување или отстранување на негативните влијанија.

Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на урбанистичкиот план врз животната средина ги разгледува негативните влијанија врз специфичните медиуми и области на животната средина и мерките за ублажување на негативните влијанија во поширок обем, додека пак изведбата на секој планиран објект (проект) е предмет на разгледување на постапката за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина и кон неа ќе се пристапи дополнително. Се обработуваат влијанијата на планскиот документ и мерките за ублажување на влијанијата врз:

- Демографските карактеристики и човековото здравје - реализацијата на Планот ќе има незначителни негативни и краткотрајни влијанија врз здравјето на луѓето при изградбата, и според тоа се предвидени соодветни мерки за намалување на влијанијата: контрола на интензитетот на бучавата и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух;
- Социо-економската состојба - реализацијата на Планот ќе има позитивни долгорочни влијанија врз социо-економската состојба и поради тоа не се предвидуваат мерки за намалување на влијанијата;
- Квалитетот на амбиентниот воздух - реализацијата на Планот ќе има незначителни негативни влијанија врз здравјето на луѓето при изградбата и во оперативната фаза, и поради тоа се предвидени соодветни мерки за намалување на влијанијата: примена на јавен транспорт за вработените, користење на еколошки горива, контрола

на испуштање на издувни гасови од технолошкиот процес, користење на природниот гас, зелени заштитни појаси;

- Бучава и вибрации - зголемен интензитет на бучава и вибрации ќе се појави во фазата на изградба, додека за време на оперативната фаза интензитетот на бучавата е намален, а појава на вибрации не се очекува. Предвидени се соодветни мерки за намалување на влијанијата од бучава: поставување на звучни изолациски бариери, поставување на заштитни зелени појаси;
- Квалитет на површинските и подземните води – за спречување на негативните влијанија предвидени се следните мерки: приклучок кон канализациски систем, претретман на отпадните води пред да се испуштат во реципиентот, контрола на квалитетот на отпадни води пред да се испуштат во реципиенот, а со соодветно управување со отпадот во цврста и течна состојба, не се очекуваат негативни влијанија врз водите со реализација на планскиот документ;
- Почвата – доколку се применува системот на ефикасно управување со отпадот во цврста и течна состојба, не се очекуваат негативни влијанија врз водите со реализација на планскиот документ, а се предлага примена на мерки за намалување на влијанијата кои ќе бидат утврдени при изработка на елаборатот за заштита на животната средина;
- Биодиверзитетот (флора и фауна) – реализацијата на планскиот документ нема да предизвика позначајни негативни влијанија во глобални рамки, бидејќи на предметното подрачје не се евидентирани ендемични видови, па според тоа се предлага примена на мерки за намалување на влијанијата кои ќе бидат утврдени при изработка на елаборатот за заштита на животната средина, односно студијата за влијание на проектот врз животната средина;
- Пределските карактеристики – со реализацијата на планот ќе дојде до нарушување на пределските карактеристики, па според тоа предвидени се соодветни мерки за ублажување на влијанијата: заштитни појаси, адекватно уредување на просторот, унапредување на естетските вредности, зачувување на пределските карактеристики, рационално користење на природните ресурси;
- Културното наследство – не е евидентирано културно наседство во непосредна близина на планскиот опфат, па според тоа не се предвидуваат посебни мерки во планската документација;
- Природното наследство – не е евидентирано на предметното подрачје, па според тоа не се предвидени мерки за ублажување на влијанијата;

- Управувањето со отпадот – во планската документација е предвиден воспоставување на ефикасен систем за управување со цврстиот отпад и според тоа не се очекуваат негативни влијанија;
- Несреќи и хаварии - согласно Законот за одбрана, Законот за заштита и спасување и Законот за управување со кризи, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување;
- Како составен дел од извештајот е и Планот за мониторинг, со чија реализација ќе се обезбедат податоци за состојбата на одредени медиуми на животната средина (воздух, вода, почва), како и следење на примената на мерките за ублажување и ефектите од примената на истите.

Планот за мониторинг овозможува следење на состојбата на животната средина преку следните параметри, кои се прикажани табеларно во самиот извештај:

- Здравје на луѓето;
- Квалитет на амбиентен воздух;
- Ниво на бучава;
- Ниво на вибрации;
- Квалитет на површински води;
- Квалитет на подземни води;
- Квалитет на почва;
- Отпадни води;
- Создавање и управување со отпад;
- Состојба на биодиверзитетот (флора и фауна);
- Хаварии и несреќи

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Заклучоци и препораки кои беа дефинирани при изработката на извештајот за стратегиска оцена на животната средина за реализација на урбанистички план за погон за складирање, третман и преработка на отпад - КО Брод, општина Новаци, се следните:

- Примена на насоките и елементите за изработка на просторни и урбанистички планови од аспект на заштита на животната средина и примена на мерките и активностите за рационално користење и заштита на просторот, дефинирани во предлог локалната урбанистичка планска документација;
- Спроведување на Планот за мониторинг, со кој ќе се добијат податоци за состојбата на одредени медиуми на животната средина и следење на ефектите од примената на мерките за ублажување на негативните влијанија;
- Спроведување на мерките за заштита и спасување, дефинирани во планската документација;
- Спроведување на процедурата за информирање на јавноста и организирање на јавна расправа;

Со максимално почитување на заштитата на животната и работната средина, при реализација на комплексот, кој треба да се намени за стопански комплекс за погон за преработка на отпад ќе се обезбеди продолжување на економскиот развој  на малото стопанство во општина Новаци. Реализација на вакви стопански капацитети се во функција со определбите на Просторниот план на Република Македонија, за концентрирана дисперзија на стопанските активности. Изградбата на комплексот, треба да го поттикне локалниот стопански развој, како и за обезбеди поквалитетна организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот. Локацијата има добра местополжба од аспект на понатамошно раздвижување на економијата кон населените места кои гравитираат во овој реон. Поставеноста на комплексот е добра во однос на раздвижување на сообраќајните правци  и текови во Републиката. Од аспект на поставените инфраструктурни системи (планирани) локацијата нема конфликтни точки. При реализацијата на ДУПД, потребно е запазување на постојната законска регулатива од сите аспекти. Реализирањето на деталниот урбанистички план погон за складирање, третман и преработка на отпад - КО Брод, Општина Новаци има позитивни влијанија врз социо-економската состојба, кои ќе се манифестираат преку создавање на работни места, намалување на миграцијата и подобрување на локалната економија.

## 15. ПРИЛОЗИ

## 15.1. ПОДАТОЦИ ЗА ИЗРАБОТУВАЧОТ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје

Број 07-23/16
13.01.2011, година

# П О Т В Р Д А

за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

АЦЕСКА Томе НАТАЛИЈА дипломиран професор по биологија од Прилеп, родена на 23.05.1968 година, во село Ново Село, Република Македонија, на ден 30.12.2010 година го положи стручниот испит за стекнуање на професионално знаење за стратегиска оцена на животната средина, пред Комисијата за полагање на стручен испит за стратегиска оцена на животна средина, при Министерството за животна средина и просторно планирање, и се стекна со статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина и ги исполнува условите утврдени во член 68 од Законот за животна средина, со тоа се стекнува со право да биде вклучена во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Оваа потврда се издава врз основа на член 68 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр.53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10 и 124/10) и е со важност од пет години, почнувајќи од денот на издавањето на истата. За продолжување на потврдата за дополнителни пет години, треба да се поднесе барање за продолжување на потврдата до Министерството за животна средина и просторно планирање.

| | |
|---|---|
| Министерство за животна средина и просторно планирање | Комисија за полагање на стручен испит за стратегиска оцена на животната средина |
| Министер,<br>Dr. Nexhati Jakupi | Претседател,<br>М-р Јадранка Иванова |

МП

## 15.2. СИНТЕЗЕН ПЛАН


ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА
ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
за изградба на инфраструктурен комплекс со
намена Е3-рециклажа, третман и складирање на отпад
на дел од КП 2215/2, К.О. Брод, Општина Новаци
ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
СИНТЕЗЕН ПЛАН
Р=1:1000
Црна Река
ЛЕГЕНДА:
ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
КЛАСА НА НАМЕНА
ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО
СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА
КАТНОСТ
МАКСИМАЛНА ВИСИНА
АПСОЛУТНА КОТА
Легенда сообраќај
ЛОКАЛЕН ПАТ
покрај Река Црна
Легенда инфраструктура:
ЕЛЕКТРИЧЕН ВОД
ТРАФОСТАНИЦА
ПОДЗЕМЕН ТФ КАБЕЛ
ВОДОВОДНА И ПП МРЕЖА
БУНАР
НАДЗЕМЕН ПП ХИДРАНТ
ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА
"УРБАН - ПРОЕКТ"
ОПШТИНА НОВАЦИ
2215/2-1
2215/2-2
2=1087 m2
2215/2-3
3=1114 m2
2215/2-4
4=1201 m2
2215/2-5
5=1250 m2
2215/2
2215/3
2215/1
2254
2255
2268
2275/1
2277
2278
2279
2280
2283
2286
1530


Brod
Image © 2013 DigitalGlobe
© 2013 Google
Google earth
Imagery Date: 8/5/2012 40°56'41.97" N 21°33'29.02" E elev 577 m eye alt 3.53 km


Image © 2013 DigitalGlobe
© 2013 Google
Google earth
Imagery Date: 8/5/2012 40°56'48.76" N 21°33'05.23" E elev 574 m eye alt 1.57 km

## 15.3. ЛИСТА НА РЕЛЕВАНТНА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТВА

Во рамки на националната правна рамка, следните национални документи релевантни за планскиот документ се земени предвид во однос на целите на животна средина:

- Втор национален еколошки акционен план на РМ (2006 год.)
- Национална стратегија за одржлив развој
- Просторен план на РМ (2004 год.)
- Генерален Урбанистички План на Град Новаци (2001 год.)
- ЛЕАП на Општина Новаци(2003 год)
- Закон за животна средина (Сл.весник бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08 и 83/09)
- Закон за заштита на природата (Сл. Весник на РМ, бр. 64/04, бр. 41/06 и бр. 84/07)
- Закон за управување со отпад (Сл.весник бр.68/04, 71/04, 107/07, 102/08 и 134/08)
- Закон за квалитет на амбиентен воздух (Сл.весник 67/04, 92/07 и 35/10)
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.весник бр.79/07)
- Закон за водите (Сл.весник бр.87/08, 6/09 и 161/09)
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Сл. Весник на РМ, бр. 68/04 и бр. 103/08)
- Закон за спроведување на просторен план на РМ (Сл.весник бр. 39/04)
- Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник бр.51/2005)
- Закон за градење (Сл.весник бр.130/09)
- Закон за јавна чистота (Сл.весник бр.111/08)
- Закон за комунални дејности (Сл.весник бр.45/97, 23/99, 45/02, 16/04 и 5/09)
- Национална стратегија за управување со отпад (2008-2020)
- Национален план за управување со отпад (2009 - 2015)

Во рамки на секундарното законодавство, земени се предвид сите постоечки подзаконски акти релевантни за тематиките опфатени со горенаведените законски акти. Во делот на имплементација на постапката за стратегиска оцена на животната средина дадена во Глава X од Законот за животна средина, следните подзаконски акти се консултирани при изготовката на овој Извештај и спроведувањето на самата процедура за стратегиска оценка на предметниот плански документ:

- Уредба за стратегии, планови и програми вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето (Сл.весник бр.153/07)
- Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуки дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето (Сл.весник бр.144/07)
- Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина (Сл.весник бр.153/07)
- Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Сл.весник бр.147/08)

**Друго релевантно законодавство:**

- Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02)
- Закон за градење (Службен весник на РМ бр. 130/09)
- Закон за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ, бр. 82/08 и бр. 143/08)
- Закон за земјоделско земјиште (Сл. Весник на РМ, бр. 29/98, бр. 18/99, бр. 02/04 и бр. 135/07)
- Закон за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр. 20/04 и 115/07)
- Законот за шуми (Сл. весник на РМ бр. 64/09)
- Правилник за уредување на просторот (Сл. Весник на РМ, бр. 2/02)
- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ, бр. 78/06)
- Правилник за поблиската содржина, размер и на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. Весник на РМ, бр. 78/06)
- Уредба за класификација на водите (Сл. Весник на РМ, бр.)
- Конвенција за биолошка разновидност (Сл. Весник на РМ, бр. 54/97)
- Закон за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 36/04 и бр. 79/07)

**Релевантни директиви на Советот на Европа:**

- Директива за диви птици (79/409/EEC)
- Директива за живеалишта (92/43/EEC)

## 15.4. РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ ОВЖС И СОВЖС

Стратегиската оцена на влијание врз животната средина (СОВЖС) се однесува на проценка на влијанието на планските документи (стратегии, планови и програми) врз животната средина и здравјето на луѓето, а додека пак влијанието врз животната средина и здравјето на човекот од изведбата на проекти, е предмет на разгледување на процесот за спроведување на оцена на влијанието врз животната средина (ОВЖС).

| **Неколку споредби помеѓу СОВЖС и ОВЖС** | |
|---|---|
| **СОВЖС за политики, планови и програми** | **ОВЖС за проекти** |
| Завзема место во поранешните фази од циклусот на донесување на одлуки:<br>Цел - да се спречат влијанијата | Завзема место на крајот на циклусот за донесување одлуки:<br>Цел - да се минимизираат влијанијата |
| Про-активен пристап кон развојните прелози | Реактивен пристап кон развојните предлози |
| Зема во обзир широк опсег на потенцијални алтернативи | Зема во обзир ограничен број на можни алтернатив |
| Процена на кумулативните ефекти е клучот на СОВЖС | Ограничен преглед на кумулативните ефекти |
| Акцент на цели на животната средина, управување со природните системи | Акцент на мерки за ублажување и минимизирање на влијанијата |
| Широка перпектива, ниско ниво на детали, обезбедување на визија и генерална рамка | Дефинирана постапка, високо ниво на детали |
| Повеќе-фазен процес, преклопување на компонентите, нивото на политиката се продолжува, повторлив | Добро дефиниран процес, јасен почеток и крај |

| | |
|---|---|
| Се фокусира на одржлива агенда, користње на ресурсите и деградација на животната средина | Се фокусира на стандардната агенда, системот на закани врз животната средина |

**Промена на фокусот на СОВЖС од пониско кон повисоко ниво**

| | СОВЖС ⟵⟶ ОВЖС<br>⟵ „повисоко ниво“ | | „пониско ниво“ ⟶ |
|---|---|---|---|
| **Ниво на донесување одлуки** | **Политика План** | | **Програма Проект** |
| **Природа на акција** | Стратешка, визионерска | | Непосредна, оперативна |
| **Резултати** | Генерални / селективни | | Детални |
| **Степен на влијанија** | Макроскопски, кумулативни, нејасни | | Микроскопски, Локализирани |
| **Временска скала** | Долгорочни до среднорочни | | Среднорочни до краткорочни |
| **Клучни извори на податоци** | Стратегии за одржлив развој, извештаи за состојба на животната средина, визии | | Посета на терен, едноставни анализи |
| **Вид на податоци** | Квалитативни | | Квантитативни |
| **Алтернатив и** | Опсег на област, политички, регулативи, технолошки, физички, економски | | Специфични локации, дизајн, конструкција, операција |
| **Потешкотии при анализите** | Нејасни | | Точни, ригорозни |
| **Оцена на перформанс и** | Одржливи перформанси (критериуми и цели) | | Правни рестрикции и најдобри практики |
| **Улога на практикант** | Медијатор за преговори | | Застапување на вредности и норми |
| **Перцепција на јавноста** | Неодредени, далечни | | Пореактивни |

## 15.5 ЗАПИСНИК ОД ЈАВНАТА РАСПРАВА